ЗЖС


Плански документ :

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Г2 - ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА КО НОВАЦИ - ВОН ГРАД, ОПШТИНА НОВАЦИ

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2021-2031

Фаза :

НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА



Инвеститор: Општина Новаци

Тех. бр. СЕА - 01/2022

Изработувач:

м-р Илија Кондински, дги
експерт за СОЖС

м-р Илија Кондински
ЕКСПЕРТ
за стратегиска оцена на
животната средина

“ПЕНЏЕР” ДООЕЛ - Битола
Управител
Билјана Пенџеркова - Ѓорѓиевска

Битола, мај 2022

Нарачател:	Општина Новаци 7211 с. Новаци
Наслов на планскиот документ:	УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Г2 - ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА КО НОВАЦИ - ВОН ГРАД, ОПШТИНА НОВАЦИ ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2021-2031
Документ:	Нацрт извештај за стратегиска оцена на животната средина
Изработувач:	Друштво за проектирање, изведба и трговија “ПЕНЏЕР” ДООЕЛ - Битола Управител Билјана Пенџеркова - Ѓорѓиевска
Одговорен експерт:	м-р Илија Кондински, дги Овластен експерт за стратегиска оцена на животната средина (Потврда за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина, бр. 07-23/11 од 13.01.2011, издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање)
Соработници:	Јован Дојчиновски, дги Овластен експерт за стратегиска оцена на животната средина ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДОО Скопје
Датум:	мај, 2022

СОДРЖИНА

Овластувања 5
а. Документ за регистрирана дејност 5
б. Потврда на одговорниот експерт за стратегиска оцена на животната средина 6
1. Вовед во стратегиската оцена на животната средина 7
1.1. Обем на Извештајот за стратегиска оцена 7
2. Преглед на содржината, главните цели на планскиот документ и врска со други плански документи 10
2.1. Преглед на содржината на планскиот документ 10
2.2. Предмет и главни цели на планскиот документ 11
2.3. Цели на стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) 12
2.4. Врска со други релевантни планови и програми/плански документи 13
3. Опис на планскиот документ 14
4. Основни податоци за животната средина во и околу проектното подрачје 21
4.1. Географска положба 21
4.2. Релјефни карактеристики 21
4.3. Геологија, почви и сеизмика на подрачјето 21
4.4. Хидрографија и квалитет на површинските и подземните води во подрачјето 22
4.5. Климатско-метеоролошки карактеристики на подрачјето 24
4.6. Флора и фауна 25
4.7. Демографски карактеристики 26
4.8. Стопански карактеристики 26
4.9. Културно и историско наследство 27
4.10. Сообраќајна инфраструктура 27
4.11. Хидротехничка инфраструктура 27
4.12. Електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура 28
4.13. Управување со отпад 29
5. Состојба без имплементација на Планот 31
6. Опис на очекуваните влијанија врз медиумите од животната средина 32
6.1. Влијанија врз населението 32
6.2. Влијанија врз здравјето на населението 32
6.3. Влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух и климатските промени 33
6.4. Влијанија предизвикани од зголемена бучава 33
6.5. Влијанија од вибрации 34
6.6. Влијанија врз квалитетот на површинските и подземните води 34
6.7. Влијанија врз почвата 34
6.8. Влијанија врз флората и фауната 35
6.9. Влијанија врз пределот 35
6.10. Влијанија врз материјалните добра 35
6.11. Влијанија врз културното наследство 36
6.12. Влијанија предизвикани од управување со отпадот 36
6.13. Влијанија од несреќи и хаварии 36
6.14. Прекугранични влијанија 36

7. Мерки за намалување на очекуваните влијанија врз специфичните медиуми од животната средина 37
7.1. Мерки за намалување на влијанијата врз населението 37
7.2. Мерки за намалување на влијанијата врз здравјето на населението 37
7.3. Мерки за намалување на влијанијата врз амбиентниот воздух и климатските промени 37
7.4. Мерки за намалување на влијанијата предизвикани од зголемена бучава 37
7.5. Мерки за намалување на влијанијата од вибрации 38
7.6. Мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на површинските и подземните води 38
7.7. Мерки за намалување на влијанијата врз почвата 38
7.8. Мерки за намалување на влијанијата врз природното богатство, флората и фауната 38
7.9. Мерки за намалување на влијанијата врз пределот 39
7.10. Мерки за намалување на влијанијата врз материјалните добра 39
7.11. Мерки за намалување на влијанијата врз културното наследство 39
7.12. Мерки за намалување на влијанијата од управувањето со отпад 39
7.13. Мерки за намалување на влијанијата од несреќи и хаварии 39
7.14. Мерки за намалување на прекугранични влијанија 39
8. Анализа на алтернативи 40
9. План за мониторинг на имплементацијата на планскиот документ од аспект на животната средина 41
10. Нетехничко резиме 44
11. Заклучни согледувања и препораки 50
12. ПРИЛОЗИ 51
Прилог 1: Територијална поделба на Република Македонија – местоположба на општината 51
Прилог 2: Сообраќајна поврзаност 51
Прилог 3: Изложеност на природни непогоди 52
Прилог 4: Речни сливови со потсливови во РМ 53
Прилог 5: Геолошка карта на теренот 54
Прилог 6: Макролокација на планскиот опфат и на поширокото географско окружување на сателитска снимка 55
Прилог 7: Микролокација на постројката на геодетска ситуација – Синтезен план 56
Прилог 8. Мислења од надлежни институции 57
Користена литература 58

Овластувања

а. Документ за регистрирана дејност

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА лица

Трговски регистар и регистар на други правни

www.crm.com.mk

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 01.04.2022 во 06:35:49
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

Број: 0818-50/150020220087725
Датум и време: 1.4.2022 г. 06:35:40

/Електронски издаден документ/

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5780071
Назив:	Друштво за проектирање, изведба и трговија ПЕНЏЕР извоз-увоз Битола ДООЕЛ
Седиште:	21 бр.64 БИТОЛА, БИТОЛА

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

П О Т В Р Д А

за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за
стратегиска оцена на животната средина

КОНДИНСКИ Димитрија ИЛИЈА

дипломиран градежен инженер од Битола, роден на 29.08.1963 година, во село Смилево, Република Македонија, на ден 30.12.2010 година го положи **стручниот испит за стекнување на професионално знаење за стратегиска оцена на животната средина,** пред Комисијата за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животна средина, при Министерството за животна средина и просторно планирање, и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 68 од Законот за животна средина, со тоа се стекнува со право да биде **вклучен** во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Оваа потврда се издава врз основа на член 68 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10 и 124/10) и е со важност од пет години, почнувајќи од денот на издавањето на истата. За продолжување на потврдата за дополнителни пет години, треба да се поднесе барање за продолжување на потврдата до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Министерство за животна средина
и просторно планирање

Министер,
Dr. Nexhati Jakupi

М.П.

Број 07-23/ 11
13.01. 2011, година

Комисија за полагање на стручен испит за
стратегиска оцена на животната средина

Претседател,
М-р Јадранка Иванова

1. Вовед во стратегиската оцена на животната средина

Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) е систематски процес во кој се земаат во предвид одредени превентивни мерки кои овозможуваат заштита на животната средина од сите можни аспекти во процесот на планирање или донесување на одлуки на ниво на политики, планови и програми.

Процедурата за спроведување на стратегиска оцена на животната средина е дефинирана согласно Член 65, глава X од Законот за животната средина (СВ на РМ бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 99/2018), при што стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето, на Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието од проектот врз животната средина.

Подзаконските акти кои ја регулираат процедурата се:

- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето (СВ на РМ бр. 144/07 од 30.11.2007 год);
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (СВ на РМ бр. 153/2007);
- Уредбата за стретегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, (СВ на РМ бр. 153/2007);
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (СВ на РМ бр. 147/2008).

Исто така при подготовката на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина се земени во предвид обврските и препораките дефинирани во Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС), која е имплементирана во македонското законодавство.

1.1. Обем на Извештајот за стратегиска оцена

Врз основа на Програмата за изработка на урбанистички планови за Општина Новаци, се пристапи кон изработка на **Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци**, **плански период 2021-2031**. Изработувач на УПВНМ со технички број 85/2021 е ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија, ДОО Скопје. Површината на планскиот опфат изнесува 17,26 ha.

Планската документација претставува УПВНМ и се изработува во согласност со член 10 од Законот за урбанистичко планирање (СВ на РСМ бр. 32/2020), со содржина од член 16 од истиот Закон и во согласност со Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (СВ на РМ бр.78/06) и Правилникот за урбанистичко планирање (СВ на РСМ бр. 225/2020), како и други законски акти кои се однесуваат на оваа област.

Предметната локација се планира за изградба на стопански комплекс на источната периферија на с. Новаци, врз покрената иницијатива од општина Новаци, која е типично рурална општина и е во духот на концептот за интегрален и децентрализиран стопански развој на РСМ. Ефикасната инфраструктурна опременост на овој простор и неговата поврзаност со околните рурални населби, треба да биде фактор за афирмација на самиот

стопански комплекс, но и фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото окружување.

Изградбата на стопанскиот комплекс ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на создавање на предуслови за стопанско заживување на оваа рурална општина, зголемување на вработувањето и стандардот на населението во општината, со максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци, претставува плански документ за кој е потребно да се спроведе постапка за Стратегиска оцена на животната средина и да се изготви соодветен Извештај согласно Законот за животна средина.

Со цел навремено да се согледаат можните негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето како и социо-економските аспекти од имплементацијата на

Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци

и да се преземат соодветни корективни мерки, во Законот за животна средина и подзаконските акти е дефинирана постапката за Стратегиска оцена на животната средина.

Подготовката на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе се базира врз основа на:

- Националната и меѓународна правна рамка и примена на најдобрите светски практики и искуства;
- Постојни плански документи од повисок ранг;
- Разгледување на предвидените активности во Планската документација од кои се очекуваат влијанија врз животната средина. Исто така ќе бидат земени во предвид сите предложени решенија, нивните влијанија и ќе се предложат соодветни мерки за избегнување, намалување или ублажување на негативните влијанија и зголемување на позитивните ефекти.
- Оценка и споредба на можните влијанија од алтернативните предлози, идентификација на мерките за ублажување кои се потребни за секоја алтернатива, и давање на препораки од аспект на заштита на животната средина и постигнување одржливост.
- Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина ќе обезбеди информации кои ќе овозможат информирање на јавноста за сите алтернативи, препораки и слично. Јавното мислење и мислењата на сите заинтересирани страни ќе биде земено во предвид при креирањето на финалниот документ.

Органот кој го подготвува планскиот документ (Општина Новаци), во претходна консултација со засегнатите органи од имплементацијата на Планот, го определи обемот и деталноста на информациите, кои се дадени во Извештајот за стратегиската оцена на животната средина, што е дел од процедурата за стратегиска оцена на животната средина. Во таа постапка од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е издадено **Известување** за прифаќање на Одлуката за спроведување на стратегиска оценка и формуларот со утврдениот обем на Стратегиската оценка (арх. бр. УП1 15-516/2022 од 21.03.2022 дадено во Прилог 8 на овој Извештај).

Идентификацијата на сите влијанија врз животната средина, кои се дефинирани во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, како и предложените мерки за нивно ублажување или избегнување, претставуваат основа врз која треба да се

дефинира идниот развој на предвидената локација, со цел да овозможи економска одржливост како и заштита на животната средина.

Доколку бидат земени во предвид и имплементирани сите согледувања дадени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, ќе се избегнат несаканите последици, односно ќе се обезбеди заштита и одржлив развој на ресурсите, заштита на медиумите во животната средина и на здравјето на луѓето.

Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина е изработен од страна на м-р Илија Кондински, дипл. град. инженер, експрет за стратегиска оцена на животната средина како одговорен експерт за Извештајот за стратегиската оцена на животната средина за планската документација, во согласност со Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (СВ на РМ бр.153/2007).

2. Преглед на содржината, главните цели на планскиот документ и врска со други плански документи

2.1. Преглед на содржината на планскиот документ

Изработката на Урбанистичките планови произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (СВ на РСМ бр. 32/2020) и подзаконските акти што произлегуваат од него, Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (СВ на РМ бр. 78/2006) и Правилникот за урбанистичко планирање (СВ на РСМ бр. 225/2020) како и други законски акти кои се однесуваат на оваа област.

Урбанистичка планска документација согласно член 2 од Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови се состои од:

- **Документациона основа**
- **Планска документација**

Во **Документационата основа,** која се состои од текстуален и графички дел, опфатени се следните содржини:

1. Текстуален дел
   - 1.1 Географски и геодетски податоци за планскиот опфат и за неговите контактни соседни простори
   - 1.2 Изводи од планови од повисоко ниво на планирање и други податоци што произлегуваат од други развојни документи, планови и стратегии на развој
   - 1.3 Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
   - 1.4 Студии, елаборати и работни материјали од сите области релевантни за урбанистичкото планирање и за конкретниот плански опфат
   - 1.5 Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат
   - 1.6 Податоци за создадените чинители кои се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој
   - 1.7 Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план, со анализа на проблеми и состојби во просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат, со аналитички осврт на состојбите од соседните плански опфати
   - 1.8 Оценка за можностите и ограничувањата на просторниот развој со програмски проекции што произлегуваат од анализата на состојбите во просторот
2. Нумерички податоци
3. Графички дел
   - Ажурирана геодетска подлога (1:1000)
   - Инвентаризација на изграден градежен фонд на вкупната физичка супраструктура на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат (1:1000)
   - Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура (1:1000)

Планската документација, која исто така е презентирана во текстуален и графички дел, содржи:

1. Текстуален дел
   - 1.1 Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат, плански период
   - 1.2 Прецизен опис на границата на планскиот опфат според границите на катастарските парцели со кои се совпаѓа, регулациони линии, оски на улици или други експлицитни линеарни симболи на геодетската подлога

1.3 Стратешки определби што поризлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот зафат и претставуваат обврски за планирање на просторот

1.4 Цели на урбанистичкиот план

1.5 Образложение на планскиот концепт за просторниот развој со кој се постигаат целите на планот, со осврти на сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби

1.6 Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура

1.7 Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план

1.8 Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање чиишто граници се утврдени со планот

1.9 Мерки за заштита и плански одредби

2. Нумерички податоци

2.1 Нумерички показатели

2.2 Билансни показатели

3. Графички дел

- План за намена на земјиштето и градбите (1:1000)
- Регулационен план (1:1000)
- План за парцелација и оформување градежни парцели (1:1000)
- План на површини за градење 1:1000
- Сообраќаен и нивелациски план 1:1000
- Инфраструктурен плансо плански решенија на сите комунални и други инфраструктурни водови и објекти 1:1000
- Синтезен план (1:1000)

2.2. Предмет и главни цели на планскиот документ

Предмет на планот е просторот предвиден со опфатот на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци.

Урбанистичкиот план вон населено место како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирање на организирани простори согласно законската регулатива, одредување на намени на градежни парцели со комплементарни, компатибилни и алтернативни намени на основната класа на намена, дефинирани со законска регулатива, планирање на површини за градба на објекти со нивна катност и максимална висина до венец, имајќи ги во предвид Законот за урбанистичко планирање („СВ на РСМ“, број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („СВ на РСМ“, број 225/20 и 219/21), приоритетните погодности и ограничувања преку анализата на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со сообраќајни и инфраструктурни решенија.

Останати цели за изготвување на овој УПВНМ се уредување и организирање на просторот преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,
- почитување на безбедноста во сообраќајот,
- дефинирање на рационална сообраќајната (секундарна) инфраструктура-улична

- мрежа и пристапи до единиците на градежното земјиште
- почитување на јавниот интерес,
- почитување на соседското право,
- оформување на амбиентални целини,
- почитување и надградување на пејсажните вредности,
- оформување на културен пејсаж,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- почитување и подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидност,
- вградување на заштитни мерки,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- предвидување мерки за заштита и спасување.

Урбанистичкиот план вон населено место за стопански комплекс ќе овозможи отпочнување на капитални инвестиции за задоволување на потребите на сите корисници на просторот, кои се однесуваат на реализација на повеќе функции опфатени со Планот: производни и инфраструктурни.

Со ваков капитален проект, кој има исклучително значајна развојна и економска вредност, се создаваат предуслови за унапредување на локалната економија преку уредување на земјиштето опфатено со Планската документација наменета за лоцирање на стопански капацитети.

2.3. Цели на стратегиската оцена на животната средина (СОЖС)

За исполнување на барањата за стратегиска оцена на животната средина, дефинирани согласно националната и меѓународната легислатива, целите на Стратегиската оцена на животната средина за имплементација на УПВНМ се прикажани преку статусот на: биолошката разновидност, население, здравјето на населението, материјалните добра, квалитетот на водата, воздухот, природното и културно наследство, пределот и интеракцијата помеѓу нив.

Цели на СОЖС	Предмет	Поврзаност со насоките и целите на Планскиот документ	Индикатори на СОЖС
подобрување на квалитетот на живот, подобрување на здравјето на луѓето и зголемување на животниот стандард	- сите медиуми на животната средина - население	- развој и разместеност на производните дејности во кои ќе се применуваат принципите и стандардите за заштита на животната средина; - планско искористување на просторот; - отварање на нови работни места.	- емисии во медиумите на животната средина; - здравствена состојба на населението; - животен век на населението; - стапка на прираст на населението; - стапка на миграција; - стапка на вработеност; - животен стандард, стапка на сиромаштија.
заштита и унапредување на биодиверзитетот	- флора, фауна и живеалишта	- заштита и зачувување на биолошката разновидност;	- заштитени и зачувани живеалишта/видови кои се сретнуваат на предметната локација;
подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стаклени гасови	- климатски фактори - квалитет на воздух - население	- лесна и незагадувачка индустрија; - изградба на зелени површини; - примена на алтернативни извори на енергија (сончева енергија) и природен гас;	- број на инсталации кои употребуваат природен гас и сончева енергија. - квалитет на воздух и концентрација на: SO_2, NO_x, VOC, NH_3, O_3, CO, CO_2 и суспендирани честички во рамките на МДК; - број на денови со концентрации во рамките МДК;

			- статистички податоци за респираторни болести; - годишни емисии на GHG, изразени како CO_2.
заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата	- квалитет на површински води - квалитет на подземни води - квалитет на почва	- изградба на сепаратна канализацина мрежа (фекална и атмосферска); - изградба на пречистителни станици за третман на отпадните води; - третман на атмосферските отпадни води со маслофакач; - управување со генериран отпад.	- изградена сепаратна канализациона мрежа; - број на изградени пречистителни станици; - хемиски и биолошки квалитет на пречистената отпадна вода во рамките на МДК; - квалитет на подземните води во рамките на МДК; - количина на отпад рециклиран или одложен на депонија.
Соодветно управување со отпадот	- управување со отпад - Квалитет на почва - Квалитет на површински и подземни води	- организирано собирање и селектитање на генерираниот отпад; - организирано депонирање на отпадот на градската депонија.	- количини на генериран отпад; - -оличини на отпад кој се рециклира или одложува на депонија.
Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии	- појава на несреќи и хаварии	- обезбедување заштита на инфраструктурните коридори; - воведување мерки за заштита и спасување; - воведување мерки за заштита од пожар, поплави, земјотреси, елементарни непогоди, воени дејства, хаварии и др.	- намален или елиминиран ризик од несреќи и хаварии.
Заштита и унапредување на културното наследство	- постојно културно наследство	- почитување на вредноста на културното наследство.	- евиденција на заштитени културни добра;
Зачувување на карактеристиките на пределот	- предел (создаден од природата и од човекот)	- почитување и надградување на пејсажните вредности.	- рехабилитиран предел.

2.4. Врска со други релевантни планови и програми/плански документи

За конкретниот плански опфат, нема претходна планска документација.

Усвоени соседни планови се:

- АУП за формирање на градежни парцели на дел од КП1394/1,(КП1394,КП1394/9, КП1394/10, КП1394/11, КП2009/1, КП2009/5, КП1221/1, КП1221/2 и КП1241/1) КО Новаци за намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија, (Г3-Сервиси и Г4-Стоваришта), согласно Општ Акт за село Новаци, Општина Новаци,
- Проект за Инфраструктура за линиска инфраструктурна градба, изградба на улица од пошта од Златен клас во с.Новаци до крај на каналот, општина Новаци.

За предметниот план изработени се Услови за планирање на просторот за изработка на УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Новаци-вон град, Општина Новаци, кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. Y15318 а за кои е донесено и Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15 1642/2019 од 10.12.2019 година.

3. Опис на планскиот документ

Планскиот опфат кој е предмет на **Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци**, е планиран на локација на источната периферија на с. Новаци. На западната и јужната страна долж опфатот постои асфалтиран пат кој се поврзува со регионалниот пат Р1311 - Битола врска со Р1101, (Прилог 6).

Границата на планскиот опфатот на Урбанистички план вон населено место КО Новаци-вон град, Општина Новаци се дефинирани со Условите за планирање на просторот бр. УП1-15 1642/2019 од 10.12.2019, е дефиниран со следните граници:

- на север: границите на КП бр. 1394/13, 1394/11, 1394/10, 1394/9 и 1394
- на исток: границита на КП бр. 1989/3,
- на југ: ја сече КП бр. 2010
- на запад: границите на КП бр.1394, 1394/8, 1394/7, 1394/6, 1394/5, 1394/4 и 1394/3.

Границата на горенаведениот плански опфат е дадена во графичките прилози, а вкупната површина на планскиот опфат изнесува **17,26 ha.**

За да се добијат целосни согледувања на постојната состојба на **УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци**, извршена е инвентаризација на постојниот простор кој е опфатен со планскиот опфат. Притоа, констатирано е следното:

- Во просторот предвиден за урбанизација во границите на планскиот опфат не се евидентирани градби.
- Долж опфатот на западната и јужната страна постои локален асфалтиран пат кој се поврзува со регионалниот пат Р1311 - Битола врска со Р1101. Локалниот пат не е државен пат кој е во надлежност на ЈПДП (допис од Јавно претпријатие за државни патишта бр. 10-1819/2 од 08.03.2022).
- Во рамките на планскиот опфат има постојна инфраструктура 400 kV далековод на АД МЕПСО (допис од МЕПСО со бр.11-975/1 од 21.02.2022).
- Во рамките на планскиот опфат нема постојна електрична инсталација (допис од ЕВН бр.10-26/3-30 од 08.03.2022).
- Во рамки на планскиот опфат нема евидентирана гасоводна инфраструктура (допис од Македонски енергетски ресурси бр. 15-559/2 од 18.02.2022 и допис од Гама бр. 0308-454/2 од 24.02.2022.
- Во рамки на планскиот опфат нема постојна телекомуникациска инфраструктура, која сепак е достапна во с. Новаци (дописи од АЕК бр. 1404-588/2 од 07.03.2022 и допис од Македонски Телеком АД Скопје бр.41043 од 20.02.2022).
- Непосредно покрај планскиот опфат од западната страна има постојна водоводна мрежа (допис од ЈКП Водовод Битола бр.08-5/13 од 23.02.2022).
- На локалитет не постои фекална и атмосферска каналска мрежа.
- Во рамките на планскиот опфат не се евидентирани градби од културно-историско значење.

Приказ на Синтезниот план со легенда, даден е во Прилог 7.

Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. Истиот е условен и од мерките за заштита и спасување.

Целта на планскиот концепт е да се изврши хармонизација на просторните чинители во единствен препознатлив амбиент со дефинирани функции, односно наменски употреби на земјиштето.

Планираниот опфат е сочинет од следните катастарски парцели:

КО Новаци-вон град КП	Површина на парцела [m^2]
1394/1	157014.72
1395	92 000
2010-дел	2675.45
ВКУПНО	172 608,16

Плански решенија за изградба и наменска употреба на земјиштето

Планскиот опфат се состои од повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба.

На предметниот локација се предвидуваат зони со класа на намена:

- Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
  Г2- Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
- Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
  Д1 - Парковско и пејсажно зеленило
  Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило
- Е – ИНФРАСТРУКТУРИ
  Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
  Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури
  Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (Трафостаници)

Условите за планирање на просторот бр. УП1-15 1642/2019 од 10.12.2019 и Планската програма ќе бидат платформа за изработување на планот во рамките на концептот за организација на просторот.

Планскиот опфат претставува неизградено земјиште за кое има изработено ажурирана геодетска подлога чии податоци ќе бидат сметани како постојна состојба.

Планскиот период на Урбанистичкиот план вон населено место се предвидува да го опфати периодот од 2021 до 2031 година.

Урбанистичкиот план вон населено место за овој простор овозможува сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела.

Во рамките на УПВНМ, градежните парцели се нумерирани со арапски цифри, при што прво е дадена нумерацијата на блокот, потоа нумерацијата на градежната парцела.

За градбите со основна класа на намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустија, предвидени се компатибилни намени во однос на основната класа на намена и тоа:

- Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.
- Б2 – Големи единици за трговија, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.
- Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.
- В2 – Здравствена и социјална заштита, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.
- Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.
- Г4 – Стоваришта, складови и отпади, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.

Г5 – Земјоделско и сточарско производство, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.
Д1 – Парковско и пејсажно зеленило, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%.
Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%.

Класите на намени се дадени со кратенки впишани на површината за изградба на секоја градежна парцела поединечно во графичкиот дел и во нумеричките показатели.

Основно решение на комунална инфраструктура

Основните решенија на комуналната инфраструктура се засноваат на постојната и планираната состојба. Истите се изработени во согласност со постојните важечки прописи за проектирање на ваков вид на објекти, приспособени на локалните услови, односно диктирани од нив (локациски, релјефни и условеноста од постојната изведена инфраструктурна мрежа).

Сообраќај

Долж опфатот на западната и јужната страна постои локален асфалтиран пат кој се поврзува со регионалниот пат Р1311 - Битола врска со Р1101. Локалниот пат не е државен пат кој е во надлежност на ЈПДП.

Со планското решение усвоена е предвидената мрежа на индустриски улици: Новопланирана 1, Новопланирана 2, Новопланирана 3, со кои ќе се регулира протокот на сообраќајните возила и пристапот до сите планирани градежни парцели. Профилот на улиците е: коловоз 7,00 m (2x3,50 m) и тротоари 4,80 m (2x2,40 m), вкупно: 11,80 m.

Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална, треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Стационарниот сообраќај се решава во рамки на сопствените парцели, согласно член 128 од Правилникот за урбанистичко планирање (СВ весник на РСМ, број 225/20, 219/21).

Паркирање. Паркирањето е предвидено да се решава во сопствените парцели, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, со почитување на потребен број на паркинг места како услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Дефинирањето на потребните паркинг простори за секоја урбанистичка парцела ќе се утврди со изработката на проектната документација и Архитектонско урбанистички проекти.

Нивелациско решение. Со изработка на урбанистичкиот план пристапено е кон изработка на нивелациско решение за планскиот опфат. Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на сообраќајниците.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот. Новопланираните сообраќајници имаат проценти на подолжни падови согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Електроенергетска инфраструктура

Во планскиот опфат нема електрични инсталации.

Над дел од локацијата минува 10 kV далековод поставен на столбови.

Изградбата на инфраструктурни водови е планирана според изработен проект за инфраструктура, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на проекти за инфраструктура, урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа.

Начинот на приклучување на технички елементи ќе бидат дефинирани од стручните служби на ЕВН Македонија.

Нисконапонското напојување се планира да се изведе со кабли поставени во ров во земја, заштитени и обележени, до приклучни ормари во објектите.

Електронска комуникациска инфраструктура

До планскиот опфат има подземна телефонска инсталација.

За овој плански опфат предвидена е комплетна телефонска инсталација со подземен кабел која ги задоволува потребите за подолг временски рок.

Целиот овој регион е покриен со сигнал на компаниите за мобилна телефонија во РСМ.

Хидротехничка инфраструктура

Планирана водоводна мрежа

Во планскиот опфат не е евидентирана водоводна инсталација.

Снабдувањето со вода на предметниот опфат со оглед на планираната намена да се решава со изведба на бунари се до изведба на планираната водоводна инфраструктура.

Согласно со важечките прописи за заштита од пожар потребно е да се одреди потребна количина на вода за противпожарна заштита и тоа: Qпож= 10 l/s.

Вкупната количина на вода која треба да се обезбеди, изнесува: Q = Qmax/час+Qпож = 12,49+10,00 = 22,49 l/s.

За оваа количина на вода одговара водоводен приклучок со цевка Ø150 mm со следниве карактеристики : брзина на водата V = 1,5 m/s и хидраулички загуби од J=0,018 m/m'.

Секундарната водоснабдителна мрежа, со хидраулички пресметки за добивање на точните димензии на водовите, нејзината поврзаност со примарната мрежа и нејзината поставеност во границите на градежните парцели посебно ќе биде дефинирана со изработката на архитектонско урбанистички проект односно идејното решение за истиот, како и со идните идејни и основни проекти поодделно за секој новопредвиден објект.

За противпожарна заштита на комплексот предвидено е поставување на хидрантска мрежа со надворешни хидранти. Напојувањето на овие хидрантие ке биде преку истиот водоводен систем.

Во случај на пожар се обезбедува количина на вода за истовремена работа на два хидранти со поединечен капацитет од 5 l/s, вкупно 10 l/s.

Меродавниот притисок (за гаснење на пожар) на приклучниот хидрант се утврдува во согласност со Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожар како величина не помала од 2,5 bar. Останатите услови за изградба на ПП мрежа според правилникот се: максимално растојание помеѓу два хидранти 80 m, најмал пречник во прстенестата ПП мрежа ф100 mm и најмал пречник на приклучната цевка на хидрантот ф 80 mm.

Со планското решение се планира потребата од техничка вода за поливање на зеленилото и одржување на комуналната хигиена корисниците на просторот да ја решаваат во рамките на сопствената градежна парцела преку бунарски систем на водозафаќање.

Планирана канализациона мрежа

Во планскиот опфат не е евидентирана канализациона инсталација.

Фекална канализација

По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализациска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.

При проекција, одделните канализациски системи се усвоени од надморската висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот.

Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од канали кои што ќе се водат по планираните сообраќајници.

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од максималната часова потрошувачка на вода, зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води.

Q = 0,80 × 12,49 × 1,2 = 11,99 l/s

За овој проток на вода при минимален пад од 0,2% за канализацијата одговара цевка со профил од Ø200mm. Планирано е изведба на нови водови. Канализационата мрежа ќе се состои од канализациски цевки со Ø250 mm и армирано - бетонски ревизиони шахти.

Испуштањето на отпадни води да се решава со септички јами и пречестителни станици до поврзување на реализирана канализација.

За секоја градежна парцела е задолжително да се врши третман на отпадните води од технолошкиот процес. Планирано е како реципиент на пречистената отпадна вода да биде Х канал кој минува непосредно покрај опфатот од источна страа и кој се влива во р. Црна и квалитетот на пречистената вода не смее да биде понизок од класата на реципиентот.

За правилно работење на пречистителните станици потребно е да се изведе одделна канализациона мрежа и тоа:

- Канализациона мрежа од санитарна отпадна вода
- Канализациона мрежа од технолошка отпадна вода
- Атмосферска мрежа од кровови на објекти
- Атмосферска мрежа од улици, паркинзи и манипулативен простор со завршно пречистување во маслофаќач.

Канализационата отпадна вода потребно е да се третира со пречистителните станици додека атмосферските води директно се испуштаат во крајниот реципиент.

Хидрауличките пресметки за добивање на точните димензии на фекалната канализациона мрежа ќе бидат дадени во наредните основни проекти поодделно за секој новопредвиден објект, со што ќе се добијат и потребните параметри за димензионирање на мрежата со потребни пресеци и падови.

Атмосферска канализација

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализациски систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали, а кои ќе се водат по главните сообраќајници и по сообраќајници за кои постојат услови за канализирање по гравитациски пат.

Уличната мрежа од атмосферската канализација, согласно препораките од Јавното претпријатие, треба да се изведе со цевки со минимален профил од Ø300mm.

Испуштањето на отпадни води да се решава со септички јами и пречестителни станици до поврзување на реализирана канализација.

Хидрауличките пресметки за добивање на точните димензии на атмосферската канализациона мрежа ќе бидат дадени во наредните основни проекти поодделно за секој новопредвиден објект, со што ќе се добијат и потребните параметри за димензионирање на мрежата со потребни пресеци и падови.

Нумерички показатели за градежните парцели

Планирани вкупни етажни површини за градење по намена на градбите, урбанистички параметри како што се процентот на изграденост на земјиштето, коефициент на искористеност на земјиштето, површини на градежните парцели, планираните површини за градење, висините на планираните градби. Табелата ги прикажува урбанистичките параметри на ниво на градежна парцела и на ниво на плански опфат.

Нумерација на објект	Група на класи на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намени на основната класа на намена	Површина на градежна парцела (m^2)	Површина за градба (m^2)	Катност	Висина на хоризонтален венец (m)	Развиена бруто површина (m^2)	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност
1.1	Г	Г2	Б1,Б2,Б4,В2, Д1,Д2,Г3,Г4,Г5,max49%	15632.93	6000.00	П+1	10.00	12000.00	38.4	0.8
1.2		Г2	- || -	11035.93	5000.00	П+1	10.00	10000.00	45.3	0.9
1.3		Г2	- || -	9853.19	4500.00	П+1	10.00	9000.00	45.7	0.9
1.4		Г2	- || -	11391.54	5000.00	П+1	10.00	10000.00	43.9	0.9
1.5		Г2	- || -	2199.92	1000.00	П+1	10.00	2000.00	45.5	0.9
1.6		Г2	- || -	4353.67	2000.00	П+1	10.00	4000.00	45.9	0.9
1.7		Г2	- || -	11795.38	5000.00	П+1	10.00	10000.00	42.4	0.8
1.8		Г2	- || -	5284.38	2500.00	П+1	10.00	5000.00	47.3	0.9
1.9		Г2	- || -	6737.80	3000.00	П+1	10.00	6000.00	44.5	0.9
1.10		Г2	- || -	9567.86	4500.00	П+1	10.00	9000.00	47.0	0.9
1.11		Г2	- || -	10424.62	5000.00	П+1	10.00	10000.00	48.0	1.0
1.12		Г2	- || -	11081.61	5000.00	П+1	10.00	10000.00	45.1	0.9
1.13		Г2	- || -	11332.69	5000.00	П+1	10.00	10000.00	44.1	0.9
1.14		Г2	- || -	12031.57	6000.00	П+1	10.00	12000.00	49.9	1.0
1.15		Г2	- || -	5247.87	2500.00	П+1	10.00	5000.00	47.6	1.0
1.16		Г2	- || -	11396.19	5000.00	П+1	10.00	10000.00	43.9	0.9
/	Д	Д1	ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО	3787.66	/	/	/	/	/	/
/		Д2	ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	2170.74	/	/	/	/	/	/
/		Е1	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	16816.76	/	/	/	/	/	/
1.17		Е1.8	ТРАФОСТАНИЦА	88.03	19.25	П	4.00	19.25	21.9	0.22
1.18		Е1.8	ТРАФОСТАНИЦА	127.36	32.39	П	постојна	32.39	25.4	0.25
1.19		Е1.8	ТРАФОСТАНИЦА	88.15	19.25	П	4.00	19.25	21.8	0.22
1.20		Е1.8	ТРАФОСТАНИЦА	81.47	19.25	П	4.00	19.25	23.6	0.24
1.21		Е1.8	ТРАФОСТАНИЦА	80.86	19.25	П	4.00	19.25	23.8	0.24
			Вкупно	172608.16	67109.4	/	/	134109.39	38.88	0.78

* Компатибилни класи на намени на основната класа на намена кои се утврдуваат само при вклопување на градби кои стекнале правен статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти

**Бројот се утврдува со проектната документација во зависност од потребите за градба и специфичните услови од нејзината намена.

Билансни (споредбени) показатели

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски одредби и нормативи.

- Површината во рамките на опфатот е 17,26 ha,
- Вкупна бруто развиена површина е 134109,39 м².
- Процентот на изграденост е 38,88%.
- Коефициентот на искористеност е 0,78

Споредбените податоци се земени за постојна состојба и планирана состојба.

УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци -вон град - Општина Новаци

- Постојна состојба

УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци -вон град - Општина Новаци		
НЗ - неизградено земјиште	167391.22 m²	97.0%
Е1 - сообраќајни, линиски и други инфаструктури	5216.94 m²	3.0%
Вкупно постојни намени	172608.16 m²	100.0%

- Планирана состојба

УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци -вон град - Општина Новаци		
Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	149367.15 m²	86.54%
Д1- парковско зеленило	3787.66 m²	2.2%
Д2 - заштитно зеленило	2170.74 m²	1.3%
Е1 - сообраќајни, линиски и други инфаструктури	16816.76 m²	9.7%
Е1.8 - комунална супраструктура - трафостаници	465.87 m²	0.3%
Вкупно планирани намени	172608.16 m²	100.0%

Попречни профили на сообраќајната инфраструктура



4. Основни податоци за животната средина во и околу проектното подрачје

4.1. Географска положба

УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци се планира да се изведе на територија која административно припаѓа на Општина Новаци (Прилог 1).

Општината Новаци го зафаќа југоисточниот дел на Пелагониската рамнина, централниот дел на течението на Црна Река, битолскиот дел на Мариово и пограничниот дел со Грција на потегот на планината Ниџе. Општина Новаци на север граничи со општина Прилеп и општина Могила, на запад со општина Битола и на јужниот и источниот дел со Грција во должина на гранична линија од околу 60 km.

Таа е голема рурална општина со површина од 773 km^2. Седиштето на оваа рурална општина е во с. Новаци кое се наоѓа покрај регионалниот пат Р1311. Селото е рамничарско и лежи на надморска височина од 567 метри. Селото Новаци има исклучително полјоделска функција, а во него се наоѓаат и осумгодишно основно училиште, пошта, амбуланта, ветеринарна станица, земјоделска задруга и дом на културата.

Најблиската градска населба е Битола, оддалечена од с. Новаци 10 km. Битола е административен, културен, економски, индустриски, образовен и научен центар во југозападниот дел на Македонија.

Планскиот опфат кој е предмет на **УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци**, е планиран на локација на источната периферија на с. Новаци. На западната и јужната страна долж опфатот постои асфалтиран пат кој се поврзува со регионалниот пат Р1311 - Битола врска со Р1101, (Прилог 6).

Границата на планскиот опфатот на Урбанистички план вон населено место КО Новаци-вон град, Општина Новаци се дефинирани со Условите за планирање на просторот бр. УП1-15 1642/2019 од 10.12.2019, е дефиниран со следните граници:

- на север: границите на КП бр. 1394/13, 1394/11, 1394/10, 1394/9 и 1394
- на исток: границита на КП бр. 1989/3,
- на југ: ја сече КП бр. 2010
- на запад: границите на КП бр.1394, 1394/8, 1394/7, 1394/6, 1394/5, 1394/4 и 1394/3.

Границата на горенаведениот плански опфат е дадена во графичките прилози, а вкупната површина на планскиот опфат изнесува **17,26 ha.**

4.2. Релјефни карактеристики

Општина Новаци се наоѓа во Пелагониската рамнина, источно од реката Црна, на просечна надморска височина од 580 m.

Подрачјето на планскиот опфат за **УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци** се протега во рамничарски терен. Теренот е со благ пад кон исток и југ, односно кон Х канал..

Земјиштето се карактеризира со постојани физичко-механички својства, врз основа на што се категоризира како претежно стабилен терен.

4.3. Геологија, почви и сеизмика на подрачјето

Според извадокот од основната геолошка карта - лист Битола, К 34-103, на поширокото подрачје околу локацијата на објектот може да се констатираат повеќе литолошки членови, чии ознаки се дадени во легендата (Прилог 5).

Од геолошки аспект Македонија е поделена на четири зони: Родопска, Пелагониска,

Вардарска и Западно-македонска.

Геолошката основа е изградена од алувијално-делувијални седименти и глиновито-лапоровити наслаги. Тоа се слабо врзани стенски маси кои се карактеризираат со ниски инженерско-геолошки вредности.

Основен тип на генетско земјиште во Пелагонија се смолниците. Смолниците се хидрогени и настанале на езерската тиња по истекувањето на некогашното Пелагониско Езеро. Количеството на хумусот се движи од 2 до 4,5%. Овие почви се искористуваат за житни, индустриски и градинарски култури.

Не постојат податоци за квалитетот на почвата на локацијата предвидена за изградба на стопанскиот комплекс.

Алувиум (al)

Алувиалните наслаги се забележани во сите долини на поголемите реки но максимум на својот развој имаат во широката Пелагониска котлина, каде речиси сите реки го оставаат транспортираниот материјал. Со тоа, тука се формирани мошне дебели алувијални наслаги. Овие наслаги се недостапни за теренските опсервации, но нивниот состав може лесно да се утврди со анализирање на материјалот од многубројни бушотини, извршени предимно за потребите на водоснабдувањето. Материјалот од бушотините од околината на село Ношпал, покажува прилично воедначен состав на материјалот.

Со седиментолошките испитувања на овој материјал, утврдено е дека е составен од наизменично сменување од глинест и песоклив материјал, кој точно е детерминиран како: песоклива и алевритска глина, а сосема ретко и грубодисперзни глини. Од песокливиот материјал издвоени се: алевритски песок, алевритско-глинест песок и алеврит. Постои многу покрупнозрнест-чакалест материјал кој се јавува во неправилни леќести тела, без точно определено ниво и претставуваат најдобри водни колектори. Општа карактеристика на овие наслаги е дека се воглавно лошо сортирани. Содржината на $CaCO_3$ е сосема незнатна, а глинестата компонента е од типот на хидролискун.

- **Сеизмика**

Сеизмичноста на територијата на РСМ и пограничните предели е одредена од трите главни, надолжни сеизмогени зони: Струмската, Вардарската и Дримската.

Битолскиот регион каде се наоѓа и планскиот опфат на стопанскиот комплекс, припаѓа на Дримската сеизмогена зона. Ова епицентрално подрачје се одликува со интензивна сеизмичка активност. Интензитетот на идни можни земјотреси е од 7 до 8 степени и се претпоставува дека реонот северно од реката Шемница по геолошкиот состав би претрпел земјотрес до 7 степени, додека јужно од река Шемница се можни земјотреси и од 8 степени по MKS скалата (Прилог 3).

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на соодветни економски мерки за заштита на создадените вредности (градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти, заради доведување на отпорност против најсилните земјотреси), односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

За фундирање на градбите, вообичаено обврзни се посебни геомеханички испитувања на почвата.

4.4. Хидрографија и квалитет на површинските и подземните води во подрачјето

Според Просторниот план на Р. Македонија, територијата на Државата е поделена на 4 речни слива и 15 водостопански подрачја (ВП) по сливовите на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим: ВП "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко - Радовишко", "Преспа", "Охридско - Струшко" и "Дебар".

Просторот на кој се предвидува изградбата на објектите предвидени со планскиот опфат, припаѓа на Водостопанското подрачје (ВП) "Пелагонија" (Прилог 4). Ова ВП го опфаќа целиот слив на реката Црна од нејзиниот изворишен дел до вливот во река Вардар.

Општина Новаци лежи во сливното подрачје на река Црна. Низ Пелагониската котлина течението на Црна река е во должина од 57 km, а остатокот од 25 km минува низ Скочивирската клисура. Притоките на реката, со мали исклучоци се влеваат од нејзината десна страна. Тие се релативно кратки, но заради големите висински разлики, нивните води се прилично брзи, така што при обилни дождови и при топење на поголеми снежни маси и наноси доаѓа до нивно често изливање посебно во рамничарскиот реон.

Главни водни текови во општината се Црна Река (која е регулирана во должина од 57 km) и нејзината десна притока, река Шемница (која е регулирана во должина од 12 km), како и Подмолска и Лопатичка река. Покрај нив, има и повеќе помали реки и понорници, како Стара Река, Радина Река, Путурушка Река, Бања и др. Хидролошката состојба на река Црна се следи на водомерниот профил Новаци од страна на Управата за хидрометеоролошки работи на РСМ.

За целосно искористување на постојниот хидролошки потенцијал на водотеците во ВП "Пелагонија" изградени се акумулациите "Стрежево" на р. Шемница и "Прилеп" на Стара Река. Основна намена на водите од овие акумулации е наводнување на обработливите површини во Пелагонија.

Во планскиот период во ВП "Пелагонија" се предвидува изградба на акумулациите "Бучин" и "Скочивир" на Црна Река. Водите од овие акумулации се предвидуваат за наводнување на обработливите површини, производство на електрична енергија, водоснабдување на населението и индустријата, заштита од поплави и задржување на наноси.

Целата површина на овој предел, во хидрогеолошка смисла може да се разгледува како повеќеслоен полузатворен издан. Од хидрогеолошки аспект, присутните подземни води во иригационото подрачје можат да се класифицираат во две групи: подземни води под слободно водно ниво на длабочина од 1,5 - 2 m и подземни води под притисок (артерски и субартерски води), кои се на длабочина под 50 m и со дебит од 0,5 l/s до 9 l/s. Дебелината на хидрогеолошкиот колектор е различна и најчесто изнесува околу 3,0 m. Правецот на движење на подземните води е соодветен со падот на теренот кон пелагонискиот басен - река Црна. Прихранувањето на изданот се врши по пат на вертикална инфилтрација од атмосферските врнежи, како и делумно од површинските води со водотеците кој го зафаќаат околниот терен.

Во Прилог 4 прикажана е хидрографијата на Битолско Поле.

На територијата на општина Новаци се следи квалитетот на површинските води. Според објавениот „Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина за 2007 година“ од страна на Македонскиот информативен центар за животна средина (МИЦЖС) при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), реката Црна, во најблиското мерно место – Скочивир, има квалитет на вода, кој, според најголемиот дел параметри и во најголем дел од годината, припаѓа на III –та класа (Уредбата за класификација на водите - СВ на РМ бр. 18/1999, 71/1999). Со оглед на тоа што планскиот опфат е возводно од мерното место Скочивир, може да се каже дека на овој потег, квалитетот на водата на Црна Река е значајно подобар од оној во Скочивир.

Според Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (СВ на РМ бр. 18/1999, 71/1999), категоризирани се: X канал – од с. Добромири до вливот во р. Црна - II категорија.

Подземни води. Подземните води во Општина Новаци се истражувани како дел од пошироките истражувања во Битолско Поле. Во текот на 70-тите и 80-тите години на

минатиот век биле извршени повеќе од 100 сондажни дупчења, но нивниот нерамномерен распоред не дава можност за донесување на меродавни заклучоци. Сепак, општа констатација е непостоењето на позначајни водоносни слоеви, заради што и не може да се очекуваат ни значајни водни количества. Количества вредни да се споменат се наоѓаат единствено во наносниот материјал по течението на река Шемница и Црна Река.

Пронајдени се и подземни минерални води, особено во атарот на с. Меџитлија, Кременица, Рибарци и Гермијан.

Водоносните хоризонти во подрачјето на општина Новаци се слабо наведнати од источните ивични делови на полето кон западниот дел на општината каде што тече реката Црна, а со самото тоа и нивото на подземниот издан е наведнат во тој правец. Висината на подземните води се движи од 4-8 m од котата на теренот. Нивото на подземна вода најповеќе се издига во пролетните месеци, условено со топењето на снеговитеи пролетните дождови.

Од друга страна по летната суша, во почетокот на есента голем број на бунари значително го намалуваат своето ниво, а некои дури и го пресушуваат.

Општина Новаци не располага со официјални податоци за квалитетот на подземните води. Загаденоста на подземните води не се следи организирано и континуирано, и генерално постои закана од нарушување на ефлуенти од домаќинствата, индустријата, земјоделието и дивите депонии.

4.5. Климатско-метеоролошки карактеристики на подрачјето

Во Република Македонија се среќаваат два главни типа на клима: медитерански тип и континентален тип.

Пелагонија има модифицирано умерено континентална клима со чисто изразени годишни сезони. Зимата е влажна и студена карактеристична за континенталното поднебје, а летото е топло и суво кое одговара на медитеранското поднебје. Есента е значајно потопла од пролетта и преминот од зима кон лето е побрз отколку обратно. Пролетта е кратка и променлива. Режимот на осончување е поволен и има доста ведри и сончеви денови како и доволен број на часови со сонце. Освен медитеранската и континенталната, во повисоките планински предели, е присутна и планинска клима која се одликува со кратки и свежи лета и со прилично студени и средно влажни зими, при што врнежите се најчесто во облик на снег.

Подрачјето во кое припаѓа локацијата на стопанскиот комплекс има средна годишна температура на воздухот од 10,7 °C. Најстуден месец е јануари, со просечна месечна температура од 0,6 °C, но со апсолутна минимална температура од -30,4 °C. Најтопол месец е јули, со средна месечна температура од 21,2°C и со апсолутно максимална температура од 41,2 °C. Апслолутното годишно варирање на температурата на воздухот изнесува 71,6 °C што е специфика за континенталната клима.

Врнежите се полн одраз на медитеранското климатско влијание на овој елемент. Летните месеци се со малку врнежи, а доцните есенски се најврнежливи. Врнежите се најчесто од дожд просечно 70-80%, а снегот е ограничен главно во зимските месеци. Просечното годишно количество на врнежи изнесува 601 mm, со вредности кои се движат од 338 mm до 879 mm.

Мразниот период започнува од октомври, а завршува во мај, но стварниот број на мразни денови е значајно помал од деновите на просечниот мразен период. Просечниот мразен период трае 168 дена а екстремниот мразен период 236 дена, додека стварниот просечен годишен број на мразните денови изнесува 84.


Релативната влажност на воздухот има обратен од од температурата на воздухот. Од јануари до јули се смалува, а потоа кон декември се зголемува.

Маглата не е ретка појава во оваа котлина. Се јавува преку целата година, но со најголема зачестеност е во трите зимски месеци, а со помала зачестеност е во

септември, октомври и март. Просечниот број на денови со магла е 40.

Во Пелагонија преовладуваат ветровите од северниот и јужниот правец но поради орографските условија на котлината. Во Битолското Поле преовладува северниот ветер со просечна годишна зачестеност од 189‰, и максимална брзина до 15,5 m/s. Втор по зачестеност е јужниот ветер, просечно 131‰, и максимална брзина до 18.9 m/s. Во Пелагонија се јавуваат и ветрови од локален карактер, како последица на нееднаквото загревање на котлината и околните планини.

Состојбата со движењето на воздушните маси, појавата на струења, брзини и нивната зачестеност се типични за умерената континентална клима. На Слика 1 прикажана е розата на ветрови во битолскиот регион опфаќајќи ја локацијата на планскиот опфат.



Слика 1. Роза на ветрови за опфатот на УПВНМ

4.6. Флора и фауна

Општина Новаци, поседува атрактивни низински и шумски предели богати со разновидна фауна и флора. Релативно големата висинска разлика меѓу Пелагониската рамнина и планинскиот дел, условува овие подрачја меѓусебно да се разликуваат по своите биографски карактеристики. Во Пелагониската рамнина преовладуваат земјоделските култури, житарици, зеленчуци и сл. Покрај коритото на Црна Река и другите водотеци се забележуваат површини под ливади обраснати со грмушки, врби и тополи. Вегетацијата на шумите и пасиштата е карактеристична за повисоките делови (врот Кајмакчалан) и се одликува со повеќе растителни асоцијации. Вкупната површина под шуми на територија на општина Новаци изнесува 18.090,78 ха

Во поширокиот Пелагониско-Мариовски регион регистрирани се 129 вида птици и 22 вида цицачи. Котлинскиот-Пелагониски дел во кој е сместен и дел од општина Новаци е најбогат по бројот на регистрирани видови птици и по густина на нивната популација. Дабовиот простор е најбогат со цицачи, а најсиромав е појасот на високопланинските пасишта.

Според законот за ловство на територијата на општина Новаци односно во нејзиното опкружување под определен вид на заштита е следниот дивеч: срна, зајак, верверица, видра, полска еребица, еребица камењарка, потполошка, лештарка, грлица, гулаб дупкар, гулаб гривар, див гулаб, шумска шљука, бекасин, пајки, гуски, птици грабливки (освен јастребите), буфови, додека срната и видрата заради нивната релативно ниска популација се под трајна заштита, а истото се однесува и на пернастите грабливци-орлите, мршојадците, буфовите и луњите.

Од аспект на рибарство од поголемо значење за овој простор се низинските реки, Шемница и Црна Река во кои се застапени следните видови риба: крап, црвеноперка, клен, скобуст, сом, костреж и др. Овие реки во суштина претставуваат спортско риболовни подрачја.

Сепак може да се оцени дека фауната и ловното стопанство во овие предели се во лоша состојба иако на територијата од Пелагониско – Мариовскиот регион има големи ловно-спортски површини.

Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови, како и карактеристични живеалишта.

4.7. Демографски карактеристики

Со новата територијална поделба на РМ од 2004 година, подрачјето на Општината Новаци ги опфаќа следнитете 41 село: Арматуш, Балдовенци, Бач, Биљаник, Брник, Брод, Будимирци, Велесело, Врањевци, Гермијан, Гнеотино, Гнилеж, Горно Агларци, Градешница, Грумази , Груништа, Далбеговци, Добровени, Добромири, Долно Агларци, Долно Орехово, Живојно, Зовиќ, Ивени, Маково, Мегленци, Новаци, Ново Село, Орле, Паралово, Петалино, Полог, Рапеш, Рибарци, Скочивир, Сливица, Совиќ, Старавина, Суводол и Тепавци. Најблиската градска населба е Битола, оддалечена од с.Новаци 10 km.

Според Пописот од 2002 година во општината има 3549 жители, со густина на население од 4,71 лица/km^2, со што се вбројува во ретко населените општини во РМ.

Според социо-економските показатели, бројот на работоспособното население во општината изнесува 1 376 жители. Вработени се 908 лица, а стапката на невработеност изнесува 34%.

Што се однесува на преселничките движења, Општината Новаци не се разликува од другите подрачја во земјата, особено во однос на надворешните миграции. Во внатрешните миграции локалните преселувања се одликуваат со променлива динамика и релативно мал обем. Во меѓуопштинските преселувања, пак, значително поголем е бројот на отселените од доселените лица, односно таа е емиграционо подрачје претежно во Општина Битола.

4.8. Стопански карактеристики

Општина Новаци е типична рурална општина, со доминантна стопанска дејност – земјоделство и сточарство во приватен сектор. На територијата на општина Новаци дел од стопанските активности ги извршува најголемиот земјоделски комбинат во Република Македонија – ЗК „Пелагонија“. Вкупната аграрна површина во општината изнесува околу 70 000 ha, од кои: 23 000 ha обработлива површина, 30 000 ha пасишта и 17 000 ha шуми.

Најголемиот капацитет за производство на електрична енергија во Република Македонија РЕК „Битола“ лоциран е на територијата на општина Новаци. Електраната работи на лигнит со приближна калорична вредност од 1850 kcal/kg кој се ископува од рудникот „Суводол“.

Вкупно генерираната електрична енергија во РЕК „Битола“ изнесува 4.600 GWh/год, што претставува повеќе од 70% од вкупно произведената елекртична енергија во Република Македонија.

Регистрирани се осум наоѓалишта за експолатација на минерална вода и гасови, две наоѓалишта за експлоатација на песок, чакал, кварц и други неметали.

Имајќи го во предвид рамничарскиот и ридско планинскиот рељеф, со кој во голема мера се одредува карактерот на земјоделското производство во кое преовладува: сточарството (говедарство, овчарство, козарство и свињарство), живинарството (кокошки) и пчеларство, поледелство: житните култури (пченица, јачмен, рж, овес и пченка), индустриските (сончоглед, маслена репа, тутун, шекерна репа и друго), фуражните култури, (пченка силажа, луцерка, експарзета, сточен грашок и др.), нивските култури (компир, бостан, грав и друго), градинарските (домат, пиперка, кромид, зелка и др.). Од ова може да се заклучи дека аграрот во битолскиот регион, дава големи можности за развој на стопансвото, со отварање на нови работни места, остварување на финансиски ефекти и добар стандард на населението во руралните средини.

4.9. Културно и историско наследство

На просторот дефиниран со границата на планскиот опфат во овој плански документ не се евидентирани постојни споменички целини, градби од културно-историско значење и културни предели.

4.10. Сообраќајна инфраструктура

Општина Новаци, како соседна општина на Битола, има добри сообраќајни врски со соседните и подалечните градови од земјата и надвор од неа, речиси во сите правци.

Најважни сообраќајни правци и магистрални комуникации кон север се: Битола - Прилеп (М-5) кој се надоврзува со автопатот од меѓународно значење во близина на Градско, потоа на запад: Битола - Охрид (М-5), На југ: Битола - Грчка граница -Лерин (М-5). Многу важни за комуникацијата со градот се и патните правци од регионален карактер: Битола - Крушево, Битола - Демир Хисар - Кичево, Битола -Пелистер, Битола - Нижополе, Битола - Бач - Старавина, Битола - Маково - Рапеш и др.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **А1 -** Граница со Република Србија (ГП Табановци) - Куманово - Велес - Неготино, Демир Капија - Гевгелија - граница со Република Грција (ГП Богородица) и делница Градско - Прилеп (врска со А3)
- **А3** - (Крстосница Требениште-врска со А2 - крстосница Подмоље - Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево- граница со Бугарија -граничен премин Рамна Нива), делница Битола - крстосница Кукуречани - граница со Грција - граничен премин Меџитлија - делница Косел - врска со А-3-Охрид -граница со Албанија - граничен премин Ново Село.

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионални патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002-2020 г.) е:

- **Р1311** - Битола (врска со Р1101) - Новаци - Маково - Чаниште - Расимбегов Мост (врска со Р1107) и делница Рапеш - Старавина (врска со Р2338)

Со железничка линија градот е поврзан со Прилеп - Велес, а меѓународна железничка врска има и со соседна Грција: Битола - Лерин - Воден - Солун, воспоставена уште во 1894 година.

Воздушниот сообраќај се остварува преку Скопскиот (170 km) и Охридскиот аеродром (85 km).

Во Прилог 2 прикажана е сообраќајната инфраструктура на ниво на држава и на општинското подрачје и околината, кои се релевантни за УПВНМ.

4.11. Хидротехничка инфраструктура

Водоснабдување

На 22 km од Битола се наоѓа вештачкото акумулационо езеро "Стрежево" кое е значаен хидрографски објект за општините во битолскиот регион. Изградениот хидросистем "Стрежево" ги зафаќа сите води од реките Шемница и Драгор со своите притоки и водотеците од Баба планина: Кишавска, Граешка, Остречка, Злокуќанска, Стара Река, Киндерка и истите се влеваат во акумулацијата. Браната е изградена на реката Шемница. Преку главниот доводен канал, се дистрибуира акумулираната вода.

Со изградбата на хидросистемот "Стрежево" е овозможено обезбедување на потребните количини на вода за наводнување на дел од Пелагонија, надополнување до потребните количини на непреработена вода за потребите на ЈП "Водовод" - Битола, обезбедување на потребите од технолошка вода за дел од индустријата. Од споменатите намени Општина Новаци е покриена во сите делови – се наводнуваат површините кои припаѓаат на општината а се јужно и западно од река Шемница, повеќе населени места

од општината се водоснабдуваат со санитарна вода од водоводот во Битола.

Населението во Општина Новаци се снабдува со вода за пиење преку градскиот водоснабдителен систем на Битола, како и регионален и локални водоснабдителни системи. Должината на регионалниот систем за водоснабдување изнесува 30 km, а вкупната должина на локалните системи за водоснабдување е 70 km. Со системи за водоснабдување се покриени над 60% од вкупниот број на домаќинства во општината.

Вода од градскиот водоснабдителен систем на Битола користат селата Новаци, Гермијан, Добромири, Рибарци и Гнеотино. Вода за пиење од локални водоснабдителени системи користат населените места Бач, Брод, Доброводени, Живојно, Скочивир, Арматуш, Горно Агларци, Далбеговци, Долно Агларци, Долно Орехово, Будимирци, Градешница, Зовиќ, Маково, Орле, Рапеш и Старавина. Со вода од јавни чешми се снабдуваат местата: Грумази, Мегленци и Тепавци.

Снабдувањето со вода на предметниот опфат со оглед на планираната намена да се решава со изведба на бунари се до изведба на планираната водоводна инфраструктура.

Планирана е примарна водоводна мрежа со пречник 150 mm која ќе задоволува и од аспект на водоснабдување со санитарна вода и од аспект на водоснабдување за противпожарна заштита.

Канализација

Во општина Новаци со делумно изградена канализациона мрежа (фекална и атмосферска за заштита на селото од поплавување) е само населеното место Новаци. Во другите села не постои канализационен систем.

Во планскиот опфат не е евидентирана канализациона инсталација.

Со планскиот концепт се планира поставување на нова примарна канализациона мрежа за фекална канализација изведена од цевки со минимален пречник од 250 mm поставена во коридорот на улиците.

Количините на технолошката и фекалната отпадна вода, секундарната канализациона мрежа нејзината поврзаност со примарната канализациона мрежа и нејзината поставеност во границите на градежната парцела посебно ќе биде дефинирана со изработката на архитектонско-урбанистички проект и идејно решение на градбите.

Одводнувањето на градежната парцела ќе биде предмет на уредувањето на просторот со архитектонско урбанистички проект односно идеен проект за секоја градба посебно.

За секоја градежна парцела е задолжително да се врши третман на отпадните води од технолошкиот процес. Планирано е како реципиент на пречистената отпадна вода да биде Х канал кој минува непосредно покрај опфатот од источна страа и кој се влива во р. Црна и квалитетот на пречистената вода не смее да биде понизок од класата на реципиентот.

Канализационата отпадна вода потребно е да се третира со пречистителните станици додека атмосферските води директно се испуштаат во крајниот реципиент.

Хидрауличките пресметки за добивање на точните димензии на фекалната канализациона мрежа ќе бидат дадени во наредните основни проекти поодделно за секој новопредвиден објект, со што ќе се добијат и потребните параметри за димензионирање на мрежата со потребни пресеци и падови.

4.12. Електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура

Од 1983 год. започнато е поизводството на електрична енергија во РЕК Битола. Денес трите комплетирани блока со индивидуален капацитет од 225 MW или вкупно инсталиран капацитет од 675 MW обезбедуваат просечна годишна електрична енергија од 4.600 GWh. Рударско-енергетскиот комбинат РЕК-Битола е најголемиот електростопански објект во Македонија. Во овој комбинат годишно се одложуваат 20 милиони кубици јаловина, а се ископуваат 6-7 милиони тони лигнит. Термоелектраната работи 7.900 часови годишно, Дистрибутивната мрежа се напојува главно од 400 киловолтната трафостаница поврзана со РЕК - Битола.

Во планскиот опфат нема електрични инсталации.

Над дел од локацијата минува 10 kV далековод поставен на столбови.

Изградбата на инфраструктурни водови е планирана според изработен проект за инфраструктура, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на проекти за инфраструктура, урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа.

Начинот на приклучување на технички елементи ќе бидат дефинирани од стручните служби на ЕВН Македонија.

Нисконапонското напојување се планира да се изведе со кабли поставени во ров во земја, заштитени и обележени, до приклучни ормари во објектите.

До планскиот опфат има подземна телефонска инсталација.

За овој плански опфат предвидена е комплетна телефонска инсталација со подземен кабел која ги задоволува потребите за подолг временски рок.

Целиот овој регион е покриен со сигнал на компаниите за мобилна телефонија во РСМ.

4.13. Управување со отпад

Комуналниот отпад од општина Новаци се депонира на депонијата Мегленци. Оваа депонија се наоѓа на територија на општина Новаци, на околу 5 км североисточно од општинскиот центар, во атарот на селото Мегленци. Микролокацијата на депонијата е веднаш над површинскиот коп на рудникот „Суводол". Депонијата е вградена во насип од земја ископана при отварање на површинскиот коп „Суводол". Поделена е на два дела (две нивоа) со висинска разлика меѓу нив од 10 m. Вкупната површина на депонијата е 6 ha. Депонијата не е санитарна, на дното на депонијата нема поставено непропустлива подлога и со тоа се загрозени подземните води. Со депонијата не се управува согласно пропишаните стандарди (набивање на отпад, редовно препокривање и сл.) и често депонираниот отпад се самозапалува и предизвикува емисија на штетни материи во воздухот.

За управувањето со отпадот основано е Јавно комунално претпријатие „Комунална Хигиена".

Главна дејност на јавното комунално претпријатие е организирање, собирање и транспортирање на комунален цврст отпад и друг вид на неопасен отпад. Располага со 1 специјализирано возило за собирање на смет. Со главната дејност за собирање на комунален неопасен отпад моментално се опслужуваат 5 населени места од општина Новаци: Новаци, Добромири, Далбеговци, Горно Агларци и Долно Агларци.

Сметот собран од овие населени места се депонира на депонијата Мегленци за која предходно има добиено согласност за депонирање од ЈКП „Комуналец" Битола, како сопственик на депонијата.

Во Општината постојат диви депонии-ѓубришта на кои се депонира инертен отпад. Тие главно се наоѓаат покрај локалните патишта.

Неконтролираното исфрлање на отпадот претставува сериозен проблем за заштитата на животната средина и квалитетот на живеењето на населението.

На основа вака утврдената состојба неопходно е преземање мерки и активности од страна на Општината и институцијата која што управува со отпадот да изврши санација, реконструкција и ревитализација на деградираните простори кои се потенцијална опасност по здравјето на населението.

Важно е да се истакне дека согласно планските документи предвидено е регионално управување со отпадот. Со тоа ќе се елиминира постоењето на локалните општински депонии, и наместо нив ќе се лоцираат претоварни станици од кои ќе се собира, транспортира и депонира отпадот на регионалните депонии. Ова е предвидено да се реализира и во Пелагонискиот регион, односно во регионот на Општина Новаци. Но, се до воспоставување на ваквиот систем на управување во Општината треба да се обезбеди организирано собирање и третирање на отпадот, исто да биде селективно и на депонијата да завршува само мал дел од генерираниот отпад (светските искуства покажуваат дека од вкупно генерираниот отпад само 10% завршува на депонија).

5. Состојба без имплементација на Планот

При стратешката оцена на животната средина од реализацијата на одредени плански документи, вообичаено, се разгледува опција „без да се спроведе" планската активност, односно работите да останат онака како што се.

Во случај на неспроведување на Урбанистичкот план се очекуваат следниве последици:

- Подрачјето во рамките на планскиот опфат и понатаму ќе претставува земјиште со помала економска вредност, а тоа директно влијае на намалување на животниот стандард на локалното население,
- Отсуство на афирмација на стопанскиот комплекс, кој ќе претставува движечка сила за побрз и порамномерен развој пред се на руралните населби во непосредната околина, а посредно и врз вкупниот општествено економски и урбан развој во целата општина,
- Отсуство на финансиски вложувања што доведува до слаб социо-економски развој,
- Стагнација на трендот за зголемување на вработеноста,
- Зголемување на миграцијата село-град,
- Стагнација на нивото на животен стандард на локалното население и жителите од Општината,
- Можност за појава на неконтролирана изградба на стопански објекти и со несоодветни дејности, што може да доведе до нарушување на квалитетот на медиумите на животната средина и загрозување на човековото здравје.
- Намалени приходи во општинскиот буџет;
- Со нереализацијата на планскиот опфат ќе се испушти можноста за економски-одржлив развој.

Со нереализирање на предвидената сообраќајна и останата комунална инфраструктура, нема да се искористат можностите за натамошен просторен развој, кои ги нуди ова подрачје.

Предметната локација без планска документација и понатаму може да се користи како земјоделска површина, како и за сточарење.

6. Опис на очекуваните влијанија врз медиумите од животната средина

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат од имплементација на планскиот документ, може да се разгледуваат од аспект на негативни и на позитивни влијанија.

Подготовката на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ги зема во предвид влијанијата врз сите медиуми на животната средина, биолошката разновидност, природата, пределот, културното наследство, луѓето, како и влијанијата врз социо-економските прилики во Општина Новаци.

Подетална анализа за влијанијата врз животната средина од изградбата на поединечните планирани објекти, кои се земени во предвид во Нацрт УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци, ќе се направи низ студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина за секој проект/објект поединечно (во фазите на изградба, оперирање и по престанок со работа), согласно глава XI од Законот за животна средина, односно член 24 од истиот Закон, како и преку дозволите за интегрирано спречување и контрола на загадувањата (ИСКЗ процедурата).

6.1. Влијанија врз населението

Имплементацијата на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци, позитивно ќе влијае врз населението во Општина Новаци. Влијанијата ќе бидат позитивни со голем интензитет и времетраење, затоа што изградбата на стопанскиот комплекс ќе понуди нови работни места за околното население, подобра бизнис клима, зголемување на животниот стандард и намалување на миграцијата.

Активирањето на овој простор ќе овозможи развој на повеќе дејности, кои со нивната намена ќе продуцираат економски ефекти, а исто така ќе дојде до активирање и на останатите дејности непосредно поврзани со изработката и ефектуирањето на урбанистички решенија и тоа: проектирањето, градежништвото, комуналните дејности, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, јавните функции и др.

Имплементацијата на Планскиот документ ќе овозможи отпочнување на инвестиции, кои брзо ќе се рефлектираат врз зголемување на економскиот приход, што ќе придонесе за унапредување на локалната и националната економија и ќе го стимулираат извозот.

6.2. Влијанија врз здравјето на населението

Во оперативната фаза на стопанскиот комплекс не се очекуваат значителни влијанија, кои би го нарушиле човековото здравје, од следните причини:

- Согласно класата на намена на земјиштето за изградба на стопански комплекс предвидена е лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, дејност која нема значително да го промени квалитетот на животната средина;
- Планскиот опфат се протега на површина од 17,26 ha и е на периферијата на с. Новаци, но предвидените плански решенија за изградба на предвидените содржини во стопанскиот комплекс ќе овозможат евентуалните нарушувања во животната средина да не бидат почувствувани од локалното население.

Влијанијата од оперативната фаза се оценуваат како неутрални или нема влијанија со кои би се нарушило здравјето на населението.

Можни влијанија врз здравјето на населението, се очекуваат само во фазата на градежно комплетирање на инфраструктурните мрежи и поединечните производни објекти и би се однесувале на влијанија од зголемена бучава, издувни гасови од возилата, прашина, вибрации, отпадни води, отпад и др. Овие влијанија се оценуваат како негативни влијанија со ограничен интензитет и времетраење.

6.3. Влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух и климатските промени

Од имплементацијата на Планскиот документ, не се очекуваат значителни нарушувања на квалитетот на воздухот заради видот, природата и компатибилноста на планираните дејности (лесна и незагадувачка индустрија), но и заради користење на обновливи извори за енергетски погон. Емисиите во воздухот, генерирани од стопанскиот комплекс на проектниот простор, нема да имаат значителен удел во квалитетот на амбиентниот воздух на Општина Новаци, пред се заради видот на планираните функции.

Во оперативната фаза на комплексот се очекуваат промени во квалитетот на воздухот (во однос на емисии на: SO_2, NO_x, VOC, NH_3, O_3, CO, CO_2 и суспендирани честички), како резултат на работните активности на капацитетите, употреба на енергенси, евентуалната употреба на фосилни горива, фугитивни емисии на прашина, зголемена фрекфенција на возила за дотур на стока и транспорт и др.

Врз основа на планираните дејности и активности во комплексот како и употребата на обновливи извори на енергија (сончеви колектори) и природен гас (кога ќе се создадат можности за гасификација на Општина Новаци низ која веќе е поминат кракот од магистралниот гасовод Неготино - Прилеп - Битола) не се очекуваат значителни влијанија и врз климатските промени. Влијанијата се оценуваат како можни негативни влијанија со неодредено дејство.

Во конструктивната фаза емисиите во воздух ќе потекнуваат од изведба на градежните активности, зголемената фреквенција на возила за дотур на градежни материјали, транспорт на работна сила и др.

Влијанијата врз квалитетот на воздухот од конструктивната фаза се оценуваат како негативни влијанија со ограничен интензитет и времетраење.

Во близина на планскиот опфат има стопански капацитети и населено место кои емитираат загадувачки материи, и се очекуваат кумулативни ефекти од нив.

Во близина на планскиот опфат поминуваат регионален пат (Р 1311) по кој се движат мобилни извори на емисии во воздухот, кои емитираат загадувачки материи, така што може да се се очекуваат кумулативни ефекти со влијанијата на стационарните и мобилни извори на емисии во воздухот од функционирањето на стопанскиот комплекс.

6.4. Влијанија предизвикани од зголемена бучава

Во оперативната фаза на стопанскиот комплекс, се очекува зголемено ниво на бучава, како резултат на работните активности во предвидените инсталации и зголемена фрекфенција на транспортните средства (автомобили и лесни и тешки товарни возила), кои ќе ги опслужуваат предвидените производни капацитети.

Влијанијата врз животната средина од зголемено ниво на бучава во оперативната фаза на стопанскиот комплекс се оценуваат како можни негативни влијанија со неодредено дејство, заради фактот што во постапката на планирање не се дефинираат точно кои активности ќе се одвиваат во зоната, туку се употребува терминит „лесна и незагадувачка индустрија".

Интензитетот на бучавата особено ќе биде зголемен во фазата на имплементација на планираните активности за инфраструктурно опремање на планските опфати и реализацијата на секој поединечен проект (изградба на инфраструктурните мрежи и стопанските објекти).

Доколку при имплементацијата на Планот и животниот век на стопанскиот комплекс се применат мерките, дефинирани низ постапките за оцена на влијанијата врз животната средина од секоја посебна активност ќе се намалат и очекуваните кумулативни ефекти од зголемента бучава и ќе се сведат на дозволените нивоа за стопански или индустриски зони надвор од населени места, во согласност со Законот за заштита од бучава и подзаконските акти.

Влијанија од зголемено ниво на бучава од конструктивната фаза на стопанскиот комплекс се оценуваат како негативни влијанија со ограничен интензитет и времетраење.

Предметната локација предвидена за изградба на стопанскиот комплекс се наоѓа на периферија од населено подрачје, во близина на регионален пат каде има покачено ниво на бучава, генерирана од превозните средства.

6.5. Влијанија од вибрации

Во Планот за изградба на стопанскиот комплекс не се предвидени дејности, кои во оперативната фаза ќе претставуваат постојани извори на вибрации, меѓутоа зголемената фрекфенција на возила кои секојдневно ќе транзитираат по регионалниот пат кој води до предвидената локација може да бидат извор на вибрации. Овие влијанија може да се оценат како неутрални до мали.

Во конструктивната фаза механизацијата која ќе се користи за изведба на активностите за изградба на одделните содржини на стопанскиот комплекс на локалитет Петилеп, може да предизвика вибрации. Но овие влијанија се незначителни, од локален карактер и со ограничен интензитет и времетраење.

6.6. Влијанија врз квалитетот на површинските и подземните води

Имплементацијата на планскиот документ за изградба на стопански комплекс на локалитет Петилеп ќе наметне потреба од идентификување на изворите на емисии во површинските и подземните води.

Идентификувани извори на емисии на отпадни води во стопанскиот комплекс се санитарните и отпадните води од технолошките процеси, како и атмосферските отпадни води. Доколку неправилно се управува со отпадните води, истите може да имаат влијание врз квалитативните и квантитативните карактеристики на површинските и подземните води, а исто така да го загрозат квалитетот на околното земјоделско земјиште.

Се очекува дека овие претпоставени влијанија ќе бидат намалени или избегнати, бидејќи во планската документација се пропишува изградба на сепаратна канализациона мрежа и пречистителни станици за секој објект посебно во кои ќе се третираат отпадните води, а пречистената вода ќе се испушта во одводниот Х канал кој оди во река Црна. Интензитетот на влијанијата ќе зависи од начинот на третман, односно од квалитетот на пречистената вода, која ќе се испушта во реципиентот. За атмосферските води во планската документација се предвидува третман со маслофаќач пред финално испуштање во реципиентот.

Нарушување на квалитетот на површинските и подземните води може да биде резултат и од неправилно управување со отпад, но влијанија од овој вид не се очекуваат како резултат на предвидениот начин на управување со генерираниот отпад.

Влијанијата врз површинските и подземните води во конструктивната и оперативната фаза се оценуваат како можни негативни влијанија со неодредено дејство.

6.7. Влијанија врз почвата

Имплементацијата на Планскиот документ за изградба на стопанскиот комплекс на локалитет Петилеп, може да предизвика негативни влијанија врз почвата во случај на несоодветно управување со отпадните води и генерираниот отпад. Исто така на квалитетот на почвата може да влијаат и издувните гасови од превозните средства, како и неправилно ракување и складирање на суровини, помошни материјали, масла и масти, горива и сл.

Значајни влијанија врз почвата од изградбата на стопанскиот комплекс не се очекуваат, бидејќи Планот предлага мерки и активности за управување со отпадните води и отпадот, кој ќе се генерира во рамките на оваа зона.

Влијанијата врз почвата, предизикани од имплементацијата на Планот, се оценуваат како можни негативни влијанија со неодредено дејство.

Активностите за изградба на објектите, кои ќе го сочинуваат стопанскиот комплекс на локалитет Петилеп, во конструктивната фаза, може да ги нарушат геолошките карактеристики на почвата, како резултат на користење на тешка механизација и возила,

транспортот и одлагање вишок на ископан материјал, одложување на градежниот отпад (шут) и др. При движење на возилата и тешката механизација може да дојде до збивање на почвата при што може да дојде до нарушување на природниот квалитет и намалување на плодноста на истата.

6.8. Влијанија врз флората и фауната

Имплементацијата на Планскиот документ за изградба на стопанскиот комплекс не се очекува да предизвика негативни влијанија врз флората и фауната на предметната локација, бидејќи се работи за локација непосредно до населено место, која претходно била земјоделско земјиште - ораница.

Новиот развој и зголемените човечки активности се очекува да имаат индиректни влијанија врз флората и фауната.

Предложената локација е надвор од подрачјата предложени за заштита според иницијативите: „Значајни растителни подрачја" „Емералд" мрежата на ЗП и „МАК-НЕН" еколошката мрежа, односно не располага со ендемични, загрозени или реликтни видови од флората и фауната, ниту пак карактеристични природни живеалишта кои би биле погодени со имплементација на планската документација.

Заради погоре наведеното се претпоставува дека на локалитетот предвиден за изградба на стопанскиот комплекс не би можело да се очекуваат значајни претставници од флората и фауната или растителни заедници кои би биле погодени со имплементација на планската документација.

Исто така поради пренамената на земјиштето, дел од единките ќе се раселат во околината, и тоа нема да влијае врз нарушување на биолошката разновидност во поширок размери.

Влијанијата врз биодиверзитетот се оценуваат како можни негативни влијанија со неодредено дејство. Влијанијата врз флората и фауната од изградбата на стопанскиот комплекс се оценуваат како негативни влијанија со ограничен интензитет и времетраење.

6.9. Влијанија врз пределот

Планското подрачје претставува предел со природни, но не значителни карактеристики. Истиот е опкружен со патна мрежа.

Предвидениот стопански комплекс ќе се лоцира во предел, чија досегашна единствена намена била површина користена за земјоделски потреби, а според планскиот опфат претставува градежно земјиште и се наоѓа во градежен опфат и нема интензивна употреба. Изградбата на стопанскиот комплекс ќе има влијание на пејзажните карактеристики на локацијата, но истите ќе бидат позитивни со голем интензитет и времетраење, со оглед на досегашната намена на просторот.

Активностите во конструктивната фаза, кои вклучуваат изградба на објектите, електрична енергија, водоснабдување и одведување на отпадни води на предметната локација, може да предизвикаат негативни влијанија врз предлот на предметната локација како резултат на ископот на земјиште и депонирањето на вишокот земја. Овие влијанија се оценуваат како негативни влијанија со ограничен интензитет и времетраење.

6.10. Влијанија врз материјалните добра

Локацијата, која е предложена за изградба на стопанскиот комплекс, преставува место на кое не се регистрирани позначајни материјални добра. Разгледувано од економски аспект ова земјиште е со ниска бонитетна класа и нема некоја особена намена, освен за земјоделски намени.

Искористувањето на оваа локација за изградба на стопанскиот комплекс отвара можности за иден развој на поширокиот простор во разни насоки, односно од неатрактивна локација да прерасне во простор кој ќе даде можност за иден урбан развој.

Изградбата на стопанскиот комплекс ќе ја зголеми вредноста на земјиштето што ќе резултира со голем економски бенефит.

6.11. Влијанија врз културното наследство

Во близина на планскиот опфат не е евидентирано културно наследство, затоа не се очекуваат влијанија од ваков вид.

6.12. Влијанија предизвикани од управување со отпадот

Влијанијата врз животната средина, предизвикани од управувањето со отпад, може да потекнуваат од несоодветно управување со комуналниот отпад, опасен и неопасен отпад, како и милта од третман на отпадните води. Неправилното управување со истиот може да предизвика сериозни нарушувања на квалитетот на сите медиуми на животната средина, а во однос на времетраењето истите може да бидат долгорочни.

Согласно планските содржини цврстиот отпад организирано ќе се селектира со понатамошна негова рециклажа, како мерка за намалување на неговите количини кои завршуваат во депонија. Остатокот од цврстиот отпад се предвидува организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија.

Секој друг вид отпад, кој може да се очекува како нуз производ, од дејности кои се дефинирани за стопански комплекси ќе се третира дополнително.

Со примена на мерките за управување со милта од третманот на отпадните води, и управување со опасен отпад ќе се елиминираат можните влијанија на овој вид отпад врз медиумите на животната средина.

Влијанијата од управувањето со отпад се оценуваат како можни негативни влијанија со неодредено значење.

Работните активности за изградба на стопанскиот комплекс, ќе претставуваат извори на отпад. Несоодветното управување со генерираниот отпад од конструктивната фаза може да предизвика нарушување на квалитетот на водата, почвата, воздухот и др. Овие влијанија се оценуваат како негативни влијанија со ограничен интензитет и времетраење, со можност истите да бидат долготрајни.

6.13. Влијанија од несреќи и хаварии

Влијанијата врз животната средна, предизвикани од можни несреќи и хаварии, може да настанат при појава на пожар, метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди, поплави, како и инциденти и технолошки катастрофи предизвикани од најразлични дефекти и хаварии и воени разурнувања.

Меѓутоа, доколку во фазата на изградба на стопанскиот комплекс се применат мерките, дефинирани во нормативно-правната регулатива за заштита од земјотреси, поплави, воени разурнувања, заштита од пожар, и др. овие влијанија значително би се намалиле или избегнале. Влијанијата кои потекнуваат од несреќи и хаварии се оценуваат како неодредени и непредвидливи влијанија.

6.14. Прекугранични влијанија

Имплементацијата на планскиот документ и оперативните активности на предвидените дејности, нема да предизвикаат негативни прекугранични влијанија од аспект на животната средина, пред се заради видот на предвидените активности во планската документација како и класата на намена (лесна и незагадувачка индустрија).

Разгледувано од економски аспект прекуграничните влијанија може да бидат позитивни, како резултат на можноста за активирање на овој простор, што ќе придонесе за развој на стопанството во поширок размер, со прекугранични позитивни ефекти.

7. Мерки за намалување на очекуваните влијанија врз специфичните медиуми од животната средина

Влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина ќе бидат елеминирани или ефективно намалени доколку при изведбата на планираните активности, дефинирани во планскиот документ се применат мерките, дефинирани во планската документација за изградба на стопанскиот комплекс, како и мерките кои ќе бидат дадени во поединечните студии за оцена на влијанијата врз животната средина елаборатите за заштита на животната средина од изградбата на посебните објекти, како и ИСКЗ барањата.

7.1. Мерки за намалување на влијанијата врз населението

Имплементацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на социо-економската состојба на населението во Општина Новаци, затоа не се препорачуваат мерки за заштита.

7.2. Мерки за намалување на влијанијата врз здравјето на населението

Примената на сите предложени мерки, дадени во сите фази на планирање и изведба на содржините предвидени со планскиот документ, примена на мерките кои ќе произлезат од поединечните студии и елаборати за сите поединечни објекти, интегрираните еколошки дозволи, како и примената на НДТ (најдобри достапни техники) за креирање и управување на производните процеси, ќе овозможи елиминирање на евентуалните негативни влијанија врз животната средина, кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на луѓето.

Со оглед на фактот дека предметната локација се наоѓа на периферија на населено место не се препорачуваат директни мерки за заштита на здравјето на луѓето.

7.3. Мерки за намалување на влијанијата врз амбиентниот воздух и климатските промени

Мерките за намалување на влијанијата, врз квалитетот на воздухот и климатските промени од имплементација на планската документација се:

- примена на незагадувачки дејности;
- примена на современи технички решенија;
- примена на најдобри достапни техники при планирање и изградба на планираните капацитети;
- елиминирање на употребата на фосилни горива;
- употреба на енергенси од обновливи извори на енергија, искористување на сончевата енергија и природен гас;
- употреба на еколошки горива за превозните средства;
- примена на организиран превоз на вработените;
- подигање и оформување на заштитни зелени појаси.

7.4. Мерки за намалување на влијанијата предизвикани од зголемена бучава

За намалување или избегнување на влијанијата кои може да бидат предизвикани од зголемен интензитет на бучава при имплементација на планот се препорачува примена на следните мерки:

- поставување на машини и опрема кои не генерираат бучава со силен интензитет;
- примена на современи звучни изолациони градежни материјали при изградба на објектите;
- обезбедување на заштитни зелени појаси на предметната локација.

Доколку во времето на имплементација на планот се увиди потреба од воведување на дополнителни мерки на заштита од бучава, истите ќе се спроведат.

7.5. Мерки за намалување на влијанијата од вибрации

Имплементацијата на стопанскиот комплекс нема да предизвика значителни вибрации, затоа не се предвидуваат мерки за заштита од вибрации.

7.6. Мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на површинските и подземните води

За намалување на влијанијата врз квалитетот на водите, кои може да произлезат од изградбата и работењето во стопанскиот комплекс, се предлага:

- изградба на сепаратна атмосферска и фекална канализациона мрежа;
- изградба на пречистителна станица (поединечни или заедничка) за третман на отпадните води, санитарни и индустриски, пред финално испуштање во одводен канал, кој ќе ги носи пречистените отпадни води во реципиентот, река Црна.
- испуштената пречистена вода да биде со квалитет од II класа, (согласно квалитетот на водата во одводниот X канал кој се влева во реката Црна);
- мониторинг на пречистените отпадни води пред да бидат испуштени во одводниот канал;
- третман на атмосферските води во маслофаќач и таложници пред финално испуштање во одводниот канал кој завршува во реципиентот река Црна;
- воведување на системи за повторно искористување на водата за различни намени, доколку истите задоволуваат определени критериуми;
- обезбедување заштитни зони на бунарите за водоснабдување;
- правилно ракување со суровини, помошни материјали, масла, масти, горива;
- соодветно управување со отпадот, особено со опасниот отпад.

7.7. Мерки за намалување на влијанијата врз почвата

Намалувањето на влијанијата врз почвата зависат од имплементацијата на директните мерки и препораки дадени во планската документација, бидејќи квалитетот на почвата зависи од правилното управување со вода, воздух и отпад.

Доколку се применат предвидените мерки за правилно управување со отпадните води и отпад, ракување со суровини, помошни материјали, масла, масти, горива, ќе се спречат или избегнат негативните влијанија врз почвата, а индиректно и на подземните води.

7.8. Мерки за намалување на влијанијата врз природното богатство, флората и фауната

Посебно внимание при заштита на природата треба да се обрне на начинот, видот и обемот на изградбата, за да се одбегнат судирите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- оптимална заштита на просторите со природни вредности;
- оптимална заштита на природните живеалишта;
- оптимална заштита на природни потенцијали и унапредување на природното богатство;
- рационална изградба на инфраструктурата;
- концентрација и ограничување на изградбата.

Изградбата на зелените површини и хортикултурното уредување ќе придонесат да се воспостават реверзибилните природни процеси. Се препорачува озеленување на површините со автохтони видови, карактеристични за поширокото подрачје.

Доколку се применат предвидените мерки за правилно планирање и управување со просторот, отпадните води, отпад, бучава и сл., ќе се спречат негативни влијанија врз флората и фауната.

За намалување на влијанијата од реализацијата на стопанскиот комплекс врз видовите од флората и фауната, се препорачува разгледување на мерки во постапката на оцена на влијанијата од секој поединечен проект, како и од секоја поединечна инфраструктурна активност, планирани во стопанскиот комплекс.

Доколку, за времетраењето на спроведување на планот се идентификуваат влијанија врз флората и фауната од значење за биолошката разновидност на РСМ, кои не биле земени во обзир при подготовката на овој Извештај (заради недостаток на податоци), дополнително ќе се предвидат и соодветни мерки заради обезбедување на реверзибилност на видовите и живеалиштата.

7.9. Мерки за намалување на влијанијата врз пределот

Предвидените активности во планската документација за изградба на содржините предвидени со УПВНМ ќе бидат во насока на зачувување и збогатување на амбиентните и естетските потенцијали на просторот

За вклопување на просторот во околниот амбиент, се препорачува изградба на зелен појас од автохтони растенија (согласно препораките дефинирани во планската документација) и висина на објектите, која нема да доминира во просторот.

7.10. Мерки за намалување на влијанијата врз материјалните добра

Влијанијата врз материјалните добра на предвидената локацијата од имплементацијата на Планот може да се оценат како неутрални или нема влијанија, затоа не се препорачуваат мерки за намалување на влијанијата.

7.11. Мерки за намалување на влијанијата врз културното наследство

Во согласност со Мислењето од страна на Управата за заштита на културното наследство, во близина на планскиот опфат не се наоѓа евидентирано културно наследство и затоа не се предвидуваат посебни мерки за заштита.

Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (СВ на РМ, бр. 20/2004 и 115/2007), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство согласно член 129 од Законот.

7.12. Мерки за намалување на влијанијата од управувањето со отпад

За избегнување на влијанијата врз животната средина од несоодветното управување со отпадот, се препорачува примена на следните мерки:

- намалување на генерирање на отпад,
- селектирање,
- собирање,
- рециклирање и
- преземање.

Цврстиот отпад, кој нема употребна вредност ќе се одлага на санитарната локална депонија, а собирањето и транспортот ќе се реализира преку Јавното комунално претпријатие.

Отпадот, кој има употребна вредност ќе се предава на овластени управувачи со отпад, ќе се реупотребува и рециклира.

Милта, генерирана од третманот на отпадните води, ќе се третира и соодветно управува.

7.13. Мерки за намалување на влијанијата од несреќи и хаварии

За намалување на можните влијанија во конструктивната и во оперативната фаза на содржините предвидени со планската документација, предизвикани од несреќи и хаварии, се препорачува имплементација на мерките дадени во планската документација.

7.14. Мерки за намалување на прекугранични влијанија

Од имплементацијата на планскиот документ не се очекува прекугранични влијанија од аспект на нарушување на квалитетот на медиумите од животната средина, затоа не се предвидуваат мерки за намалување на истите.

8. Анализа на алтернативи

При изработката на плански и програмски документи со кои се предвидува уредување на простори наменети за изведување на проекти, нужно внимание треба да се обрне на споредбена анализа на повеќе алтернативни решенија.

Анализата на алтернативите се прави од аспект на најдобро избрана локација, нејзината намена, економската оправданост и финансиските можности. Овие аспекти се разгледуваат со цел да се изнајде најдоброто решение кое ќе придонесе за максимална можна заштита на животната средина.

Досегашниот начин на користење на просторот на предметната локација е алтернативно разгледуван како состојба да не се прави ништо („do nothing scenario" т.е. („bussines as usual scenario"), во смисол на предметната локација да не се гради стопанскиот комплекс и локацијата во иднина да се користи за истата намена, за земјоделски намени и испаша на добиток, односно да нема плански развој.

Оваа алтернатива се покажува како несоодветна, бидејќи во даден временски период постои можност предвидениот опфат несоодветно да се наменува, т.е. да се градат нелегални објекти, кои може да предизвикаат низа негативни влијанија врз медиумите од животната средина, а од друга страна земјиштето е со ниска бонитетна класа и нема особена економска вредност од аспект на производство на храна.

Имплементацијата на предложениот плански документ, изградба на стопанскиот комплекс на предвидената локација се покажува поприфатлива, во однос на разгледуваната варијанта да не се презема ништо, од повеќе аспекти:

- не е во конфликт со други планови од повисоко ниво;
- не се наоѓа во заштитено подрачје или подрачје од голема важност;
- поволна географска положба, добри микроклиматски услови и одлична диспозиција во однос на сообраќајната поврзаност со населените местра од општина Новаци и градот Битола;
- близина на патна мрежа;
- изградбата и ставањето во функција на предвидените содржини ќе овозможи остварување на стопански и друг вид општествени функции со директни или индиректни економски ефекти;
- предвиденото планско решение, како алтернатива, дава широки можности за заживување и иден развој на поширокиот простор на локацијата во разни насоки, односно дава можност од неатрактивна локација да прерасне во простор, кој ќе даде придонес за развојот на локалната и националната економија;

Во конкретниот случај на УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци - вон град, Општина Новаци, со оглед на тоа што локацијата на планскиот опфат е однапред дефинирана, како и намената, во согласност со тоа од страна на корисникот на просторот и изготвувачот на Планот, не се разгледувани алтернативни решенија по однос на други локации.

Местоположбата на локацијата во однос на општината Новаци и во однос на сообраќајните коридори и инфраструктурните системи, можноста за пристап, се оценуваат како позитивна оправданост во однос на избраната локација, намената и економската оправданост.

9. План за мониторинг на имплементацијата на планскиот документ од аспект на животната средина

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мерки за монитиринг на сите значителни идентификувани позитивни и негативни ефекти, кои би настанале од реализација на планската документација. **Планот за мониторинг** на животната средина дава можност за систематско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите во животната средина во целина, како и идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми на животната средина.

Планот овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки.

Основните цели и користа од мониторингот на влијанијата врз животната средина се:

- потврда за соодветното спроведување на договорените услови при одобрувањето на планската документација;
- обезбедување на податоци за натамошно следење на состојбите во животната среднина;
- поголем увид во промените на животната средина на предметните локации;
- потврда дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на планската документација и управување со истите;
- потврда дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- утврдување кои активности треба да бидат преземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Реализцијата на Планот за мониториг подразбира следење на соодветни индикатори преку кои ќе се согледаат остварувањата на целите на планскиот документ, како и следење на промените на состојбата на медумите на животната средина како резултат на имплементацијата на планскиот документ, во согласност со законските обврски. За следење на индикаторите потребно е да се земат во предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Следењето на состојбата на медиумите ќе се реализира со дефинирани параметри за следење на секој медиум и со дефинирана фрекфенција за секоја активност поединечно. Видот и фрекфенцијата на мониторинг ќе бидат предложени во ИСКЗ барањата, студиите за оцена на влијанијата врз животната средина и елаборатите за заштита на животната средина од секој проект посебно.

За изработка на ефективен план за управување, неопходно е најнапред да се спроведе оцена на статусот на сите природни вредности вклучувајќи го и здравјето на човекот. Во следниот чекор се определуваат цели и приоритети за управување. Дали преземените мерки и активности ги даваат посакуваните резултати се утврдува преку континуираниот мониторинг. Податоците од мониторингот ќе бидат основа за изработка на следниот план за управување, т.е. мониторингот е составен дел од кружниот процес на планирање на управувањето.

Имплементацијата на УПВНМ, примената на предложените мерки за ублажување на влијанија и нивната функционалност, оправданоста на целите на планската документација и на стратегиската оцена на животната средина ќе се потврдат преку следење на следните индикатори прикажани во Табела 6:

Табела 6: Мониторинг план

Цели	Предмет	Мониторинг	Индикатори на СОЖС	Извори на верификација
Подобрување на квалитетот на живот, подобрување на здравјето на луѓето и зголемување на животниот стандард	- Сите медиуми на животната средина - Население	- Мониторинг на медиумите во животната средина; - Следење на состојбата на здравјето на населението; - Следење на стапката на вработеност, - Следење на буџетот и приходите во Општината.	- % на намалени емисии во медиумите на животната средина; - % на намалени психо-физички заболувања на населението, како резултат на нарушен квалитет на животната средина; - % на прираст на население; - зголемен животен век; - зголемена стапка на вработеност; - намалена миграција; - намален број на жители кои што живеат во сиромаштија.	- Редовни извештаи за мониторинг од МЖСПП; - Извештаи од Министерство за здравство; - Статистички и финансиски извештаи; - Локална самоуправа Новаци.
Заштита и унапредување на биодиверизтетот	- Флора, фауна и живеалишта	- Мониторинг врз квалитетот на живеалиштата и популациите на идентификуваните видови од флора и фауна.	- % на зачувани живеалишта/видови;	- Извештаи од МЖСПП - Научни и стручни трудови.
Заштита и подобрување на квалитетот на воздухот	- Климатски фактори - Квалитет на амбиентен воздух	- Мониторинг на амбиентен воздух и квалитет на воздух од испуст на инсталациите.	- концентрацијата на измерените вредности е во границите на МДК; - состојба на квалитет на амбиентен воздух во однос на претходната постојна состојба; - број на објекти кои користат алтернативи извори на енергија; - број на вработени кои го користат јавниот транспорт;	- Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП; - Катастар на загадувачи при МЖСПП; - Редовни извештаи од Заводот за јавно здравје Битола; - Статистички извештаи.
Заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата	- Површински води - Подземни води - Квалитет на почва	- Мониторинг на квалитетот на третираните отпадни, атмосферски, индустриски и комунални води пред испуст во реципиент. - Мониторинг на квалитет на подземни води.	- изградена сепаратна канализациона мрежа; - изградена пречистителна станица (или септички јама) една на ниво на комплекс или поединечни; - хемиски и биолошки квалитет на третирана отпадна вода; - квалитет на подземните води во рамките на МДК;	- Локална самоуправа Новаци; - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП; - Катастар на загадувачи при МЖСПП; - Редовни извештаи од мониторинг на Заводот за јавно здравје Битола;

			- подобрена ефикасност во употреба на водата и количина на вода која рециркулира; - количина на отпад кој е одложен на депонија; - количина на отпад што се рециклира.	- Редовни извештаи од Министерство за здравство; - Статистички извештаи.
Соодветно управување со отпадот (минимизирање, рециклирање и повторна употреба во тековните активности)	- Управување со отпад - Квалитет на почва - Квалитет на површински и подземни води	- Степен на имплементација на програмите за управување со отпад на правните и физичките лица во планираниот опфат. - Степен на имплементација на мерките, предложени во студиите/елаборатите за оцена на влијанијата врз животната средина.	- количина на отпад кој е одложен на депонија; - количина на отпад што се рециклира.	- Редовни извештаи од МЖСПП; - Катастар на загадувачи при МЖСПП; - Извештаи од локалната самоуправа на Новаци; - Извештаи од Јавното комунално претпијатие.
Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии	- Сите медиуми од животната средина	- Степен на имплементација на препораките за заштита од несреќи и хаварии дадени во студиите / планови и програми за заштита од несреќи и хаварии.	- намален или елиминиран ризик од несреќи и хаварии.	- Извештај за реализација на планската документација

10. Нетехничко резиме

Врз основа на Програмата за изработка на урбанистички планови за Општина Новаци, се пристапи кон изработка на **Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци**. Изработувач на УПВНМ со технички број 85/2021 е ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија, ДОО Скопје. Површината на планскиот опфат изнесува 17,26 ha.

Предметната локација се планира за изградба на стопански комплекс на источната периферија на с. Новаци, врз покрената иницијатива од општина Новаци, која е типично рурална општина и е во духот на концептот за интегрален и децентрализиран стопански развој на РСМ. Ефикасната инфраструктурна опременост на овој простор и неговата поврзаност со околните рурални населби, треба да биде фактор за афирмација на самиот стопански комплекс, но и фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото окружување.

Изградбата на стопанскиот комплекс ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на создавање на предуслови за стопанско заживување на оваа рурална општина, зголемување на вработувањето и стандардот на населението во општината, со максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци, претставува плански документ за кој е потребно да се спроведе постапка за Стратегиска оцена на животната средина и да се изготви соодветен Извештај согласно Законот за животна средина.

Планот кој е основен развоен документ, има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,
- почитување на безбедноста во сообраќајот,
- дефинирање на рационална сообраќајната (секундарна) инфраструктура-улична
- мрежа и пристапи до единиците на градежното земјиште
- почитување на јавниот интерес,
- почитување на соседското право,
- оформување на амбиентални целини,
- почитување и надградување на пејсажните вредности,
- оформување на културен пејсаж,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- почитување и подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидност,
- вградување на заштитни мерки,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- предвидување мерки за заштита и спасување.

Урбанистичкиот план вон населено место за стопански комплекс ќе овозможи отпочнување на капитални инвестиции за задоволување на потребите на сите корисници на просторот, кои се однесуваат на реализација на повеќе функции опфатени со Планот: производни и инфраструктурни.

Со ваков капитален проект, кој има исклучително значајна развојна и економска вредност, се создаваат предуслови за унапредување на локалната економија преку уредување на земјиштето опфатено со Планската документација наменета за лоцирање на стопански капацитети.

Планскиот опфат кој е предмет на **Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка**

индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци, е планиран на локација на источната периферија на с. Новаци. На западната и јужната страна долж опфатот постои асфалтиран пат кој се поврзува со регионалниот пат Р1311 - Битола врска со Р1101, (Прилог 6).

Предметниот плански опфат е дефиниран со следните граници:

- на север: границите на КП бр. 1394/13, 1394/11, 1394/10, 1394/9 и 1394
- на исток: границита на КП бр. 1989/3,
- на југ: ја сече КП бр. 2010
- на запад: границите на КП бр.1394, 1394/8, 1394/7, 1394/6, 1394/5, 1394/4 и 1394/3.

Границата на горенаведениот плански опфат е дадена во графичките прилози, а вкупната површина на планскиот опфат изнесува **17,26 ha.**

За да се добијат целосни согледувања на постојната состојба на **УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци**, извршена е инвентаризација на постојниот простор кој е опфатен со планскиот опфат. Притоа, констатирано е следното:

- Во просторот предвиден за урбанизација во границите на планскиот опфат не се евидентирани градби.
- Долж опфатот на западната и јужната страна постои локален асфалтиран пат кој се поврзува со регионалниот пат Р1311 - Битола врска со Р1101. Локалниот пат не е државен пат кој е во надлежност на ЈПДП (допис од Јавно претпријатие за државни патишта бр. 10-1819/2 од 08.03.2022).
- Во рамките на планскиот опфат има постојна инфраструктура 400 kV далековод на АД МЕПСО (допис од МЕПСО со бр.11-975/1 од 21.02.2022).
- Во рамките на планскиот опфат нема постојна електрична инсталација (допис од ЕВН бр.10-26/3-30 од 08.03.2022).
- Во рамки на планскиот опфат нема евидентирана гасоводна инфраструктура (допис од Македонски енергетски ресурси бр. 15-559/2 од 18.02.2022 и допис од Гама бр. 0308-454/2 од 24.02.2022.
- Во рамки на планскиот опфат нема постојна телекомуникациска инфраструктура, која сепак е достапна во с. Новаци (дописи од АЕК бр. 1404-588/2 од 07.03.2022 и допис од Македонски Телеком АД Скопје бр.41043 од 20.02.2022).
- Непосредно покрај планскиот опфат од западната страна има постојна водоводна мрежа (допис од ЈКП Водовод Битола бр.08-5/13 од 23.02.2022).
- На локалитет не постои фекална и атмосферска каналска мрежа.
- Во рамките на планскиот опфат не се евидентирани градби од културно-историско значење.

Приказ на Синтезниот план со легенда, даден е во Прилог 7.

Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. Истиот е условен и од мерките за заштита и спасување.

Целта на планскиот концепт е да се изврши хармонизација на просторните чинители во единствен препознатлив амбиент со дефинирани функции, односно наменски употреби на земјиштето.

Планираниот опфат е сочинет од следните катастарски парцели:

КО Новаци-вон град КП	Површина на парцела [m^2]
1394/1	157014.72
1395	92 000
2010-дел	2675.45
ВКУПНО	172 608,16

Плански решенија за изградба и наменска употреба на земјиштето

Планскиот опфат се состои од повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба.

На предметниот локација се предвидуваат зони со класа на намена:

- Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
  - Г2- Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
- Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
  - Д1 - Парковско и пејсажно зеленило
  - Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило
- Е – ИНФРАСТРУКТУРИ
  - Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
  - Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури
  - Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (Трафостаници)

Условите за планирање на просторот бр. УП1-15 1642/2019 од 10.12.2019 и Планската програма ќе бидат платформа за изработување на планот во рамките на концептот за организација на просторот.

Планскиот опфат претставува неизградено земјиште за кое има изработено ажурирана геодетска подлога чии податоци ќе бидат сметани како постојна состојба.

Планскиот период на Урбанистичкиот план вон населено место се предвидува да го опфати периодот од 2021 до 2031 година.

Урбанистичкиот план вон населено место за овој простор овозможува сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела.

Во рамките на УПВНМ, градежните парцели се нумерирани со арапски цифри, при што прво е дадена нумерацијата на блокот, потоа нумерацијата на градежната парцела.

За градбите со основна класа на намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустија, предвидени се компатибилни намени во однос на основната класа на намена и тоа:

- Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.
- Б2 – Големи единици за трговија, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.
- Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.
- В2 – Здравствена и социјална заштита, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.
- Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.
- Г4 – Стоваришта, складови и отпади, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.
- Г5 – Земјоделско и сточарско производство, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.
- Д1 – Парковско и пејсажно зеленило, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%.
- Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%.

Класите на намени се дадени со кратенки впишани на површината за изградба на секоја градежна парцела поединечно во графичкиот дел и во нумеричките показатели.

Долж опфатот на западната и јужната страна постои локален асфалтиран пат кој се поврзува со регионалниот пат Р1311 - Битола врска со Р1101. Локалниот пат не е државен пат кој е во надлежност на ЈПДП.

Со планското решение усвоена е предвидената мрежа на индустриски улици: Новопланирана 1, Новопланирана 2, Новопланирана 3, со кои ќе се регулира протокот на сообраќајните возила и пристапот до сите планирани градежни парцели. Профилот на улиците е: коловоз 7,00 m (2x3,50 m) и тротоари 4,80 m (2x2,40 m), вкупно: 11,80 m.

Во планскиот опфат нема електрични инсталации. Над дел од локацијата минува 10 kV далековод поставен на столбови. Начинот на приклучување на технички елементи ќе бидат дефинирани од стручните служби на ЕВН Македонија.

Во планскиот опфат не е евидентирана водоводна инсталација. Снабдувањето со вода на предметниот опфат со оглед на планираната намена да се решава со изведба на бунари се до изведба на планираната водоводна инфраструктура.

Во планскиот опфат не е евидентирана канализациона инсталација.

По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализациска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.

Канализационата отпадна вода потребно е да се третира со пречистителните станици додека атмосферските води директно се испуштаат во крајниот реципиент.

Целиот овој регион е покриен со фиксна и мобилна телефонија.

Комуналниот отпад од општина Новаци се депонира на депонијата Мегленци. Оваа депонија се наоѓа на територија на општина Новаци, на околу 5 км североисточно од општинскиот центар, во атарот на селото Мегленци. Микролокацијата на депонијата е веднаш над површинскиот коп на рудникот „Суводол". Депонијата е вградена во насип од земја ископана при отварање на површинскиот коп „Суводол". Вкупната површина на депонијата е 6 ha. Депонијата не е санитарна, на дното на депонијата нема поставено непропустлива подлога и со тоа се загрозени подземните води. Со депонијата не се управува согласно пропишаните стандарди (набивање на отпад, редовно препокривање и сл.) и често депонираниот отпад се самозапалува и предизвикува емисија на штетни материи во воздухот.

За управувањето со отпадот основано е Јавно комунално претпријатие „Комунална Хигиена".

Главна дејност на јавното комунално претпријатие е организирање, собирање и транспортирање на комунален цврст отпад и друг вид на неопасен отпад. Располага со 1 специјализирано возило за собирање на смет. Со главната дејност за собирање на комунален неопасен отпад моментално се опслужуваат 5 населени места од општина Новаци: Новаци, Добромири, Далбеговци, Горно Агларци и Долно Агларци.

Сметот собран од овие населени места се депонира на депонијата Мегленци за која предходно има добиено согласност за депонирање од ЈКП „Комуналец" Битола, како сопственик на депонијата.

Во Општината постојат диви депонии-ѓубришта на кои се депонира инертен отпад. Тие главно се наоѓаат покрај локалните патишта.

Дел од целите на заштитата на животната средина, дефинирани на национално и меѓународно ниво, ќе бидат инкорпорирани при подготвка на УПВНМ, како и во периодот на негова имплементација.

Имплементацијата на УПВНМ треба да биде во корелација со локалните, националните и меѓународни документи со цел да бидат постигнати целите и нивните барања.

Во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина се земени во предвид и релевантните аспекти на животната средина во Општина Новаци, како и оцена на истите од имплементација на планската документација.

При стратешката оцена на животната средина од реализацијата на одредени плански документи, вообичаено, се разгледува опција „без да се спроведе" планската активност, односно работите да останат онака како што се.

Во случај на неспроведување на Урбанистичкот план се очекуваат следниве последици:

- Подрачјето во рамките на планскиот опфат и понатаму ќе претставува земјиште со помала економска вредност, а тоа директно влијае на намалување на животниот стандард на локалното население,
- Отсуство на афирмација на стопанскиот комплекс, кој ќе претставува движечка сила за побрз и порамномерен развој пред се на руралните населби во непосредната околина, а посредно и врз вкупниот општествено економски и урбан развој во целата општина,
- Отсуство на финансиски вложувања што доведува до слаб социо-економски развој,
- Стагнација на трендот за зголемување на вработеноста,
- Зголемување на миграцијата село-град,
- Стагнација на нивото на животен стандард на локалното население и жителите од Општината,
- Можност за појава на неконтролирана изградба на стопански објекти и со несоодветни дејности, што може да доведе до нарушување на квалитетот на медиумите на животната средина и загрозување на човековото здравје.
- Намалени приходи во општинскиот буџет;
- Со нереализацијата на планскиот опфат ќе се испушти можноста за економски-одржлив развој.

Со нереализирање на предвидената сообраќајна и останата комунална инфраструктура, нема да се искористат можностите за натамошен просторен развој, кои ги нуди ова подрачје.

Предметната локација без планска документација и понатаму може да се користи како земјоделска површина, како и за сточарење.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат од имплементација на планскиот документ, може да се разгледуваат од аспект на негативни и на позитивни влијанија.

Подготовката на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ги зема во предвид влијанијата врз сите медиуми на животната средина, биолошката разновидност, природата, пределот, културното наследство, луѓето, како и влијанијата врз социо-економските прилики во Општина Новаци.

Подетална анализа за влијанијата врз животната средина од изградбата на поединечните планирани објекти, кои се земени во предвид во Нацрт УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци, ќе се направи низ студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина за секој проект/објект поединечно (во фазите на изградба, оперирање и по престанок со работа), согласно глава XI од Законот за животна средина, односно член 24 од истиот Закон, како и преку дозволите за интегрирано спречување и контрола на загадувањата (ИСКЗ процедурата).

Влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина ќе бидат елиминирани или ефективно намалени доколку при изведбата на планираните активности дефинирани во планската документација се применат мерките, дефинирани во планската документација за изградба на стопанскиот комплекс, како и мерките кои ќе бидат дадени во поединечните студии за оцена на влијанијата врз животната средина и елаборатите за заштита на животната средина, од изградбата на посебните објекти.

Во Извештајот се идентификувани и опишани можните влијанија врз животната средина, а исто така се предложени мерки за нивно намалување или избегнување.

При изработката на плански и програмски документи, со кои се планира изведување на проекти, треба да се земе во предвид и анализата на алтернативи, која се прави од аспект на избор за најдобро избрано решение за намена на локацијата, од аспект на економска оправданост, финансиски можности и заштита на животната средина.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за систематско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина како и идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина.

Исто така, Планот за мониторинг овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки.

Со цел да се изврши мониторинг на ефективноста на Планот, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на Планот.

Доколку сите согледувања дадени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина бидат земени во предвид и имплементирани во Планот ќе се избегнат сите несакани последици, што значи ќе се заштеди време и пари што е само дел од целите на стратегиската оцена на животната средина.

11. Заклучни согледувања и препораки

Имплементацијата на **Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци** е погодна од следните аспекти:

- не е во конфликт со други планови од повисоко ниво;
- не е во конфликт со други урбанистички планови, бидејќи се наоѓа вон населено место;
- не се наоѓа во заштитено подрачје;
- поволна географска положба, добри микроклиматски услови и одлична диспозиција во однос на сообраќајната поврзаност со населените места во руралната општина Новаци и градот Битола и близината на другата патна мрежа;
- дава широки можности за заживување и иден развој на поширокиот простор на локацијата во разни насоки, односно дава можност од неатрактивна локација да прерасне во простор, кој ќе даде голем придонес за развојот на локалната и економија.
- изградбата и ставањето во функција на предвидените содржини ќе овозможи остварување на стопански и друг вид општествени функции со директни или индиректни економски ефекти.
- планскиот опфат има добра поставеност и во прекугранични контекст, заради близината Република Грција, што е добра можност за размена на добра и стоки.

♦ Препораки

Со цел да се обезбеди целосна заштита на медиумите од животната средина од Имплементација на **Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град, Општина Новаци** се препорачува примена на следните мерки:

- изградба на инсталации, кои влегуваат во категоријата на лесна и незагадувачка индустрија, со висина, која ќе се вклопи во оклниот амбиент;
- примена на обновливи извори на енергија со цел да се заштити квалитетот на воздухот и другите медиуми од животната средина;
- изградба на сепаратна атмосферска и фекална канализациона мрежа;
- изградба на пречистителна станица (поединечни или заедничка) за третман на отпадните води, санитарни и индустриски, пред финално испуштање во реципиентот, Х-ти одводен канал кој се влева во река Црна;
- пречистената отпадна вода да биде со квалитет од II категорија, квалитетот на водата во Х-ти канал – од с. Добромири до вливот во р. Црна е II категорија;
- третман на атмосферските води во маслофаќач и таложници пред финално испуштање во реципиентот;
- правилно ракување со суровини, помошни материјали, масла, масти, горива и отпад;
- правилно управување со сите видови на отпад, вклучувајќи го и отпадот од пречистителната станица.

12. ПРИЛОЗИ

Прилог 1: Територијална поделба на Република Македонија – местоположба на општината




Прилог 2: Сообраќајна поврзаност




Легенда:

- Автопат
- Автопат-проекција
- Магистрален пат
- Магистрален пат-проекција
- Регионален пат
- Регионален пат-проекција
- Е-75 Ознака на меѓународен пат
- М1 Ознака на регионален пат
- Пруги
- Пруги-проекција
- Граничен премин
- Воздухопловно пристаниште
- Ново воздухопловно пристаниште
- Стопански аеродром
- Нов стопански аеродром
- Спортски аеродром


СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
ВО БИТОЛСКО ПОЛЕ
0
10 km
ЛЕГЕНДА
Магистрален пат со широчина на коловозот 7 m и повеќе
Магистрален пат со широчина на коловозот помала од 7 m
Регионален пат со широчина на коловозот 5,5 m или повеќе
Регионален пат со широчина на коловозот помала од 5,5 m
Регионален пат кој не е пробиен
Регионален пат со земјен или тампониран коловоз
Локален пат - модернизиран
Локален пат - немодернизиран
Останати локални патишта и патеки
Железничка пруга - станица
Ознака на магистрален пат
Ознака на регионален пат
БИТОЛА
Новаци
Могила
Долно Оризари
Долно Егларци
Горно Егларци
Добромири
Суводол
Ореховo
Грумази
Параловo
Врањевци
Рибници
Балдовенци
Гнилеж
Полог
Велесево
Сливница
Ерод
Добровени
Окочивир
Гнеотино
Оптичари
Кравари
Крстоар
Буково
Орехово
Бистрица
Слокукани
Олевени
Жабени
Егри
Барешани
Канино
Мегитлија
Кременица
Бач
Гермијан
Совик
Живојно
Пожеж
Граешница
Кишава
Драгош
Островец
Велушина
Породин
Пешево
Лавци
Брусник
Нижеполе
Маловиште
Диково
Трново
Магарево
Братин Дол
Цапари
Робино
Кажани
Раштани
Снегово
Крклино
Срцци
Доленци
Гавато
Голеш
Лера
Рамна
Драгарино
Кукуречани
Дрежгожани
Секирани
Облаково
Габалавци
Стрежево
Свиниште
Метимир
Црнобуки
Лисолај
Лопатица
Црновец
Трн
Горна Чарлија
Долна Чарлија
Беранци
Вашарејца
Долно Врпци
Ношпал
Ерековци
Клепач
Лозани
Тројакрсти
Шелеверци
Тополчани
Канатларци
Подмол
Марул
Бончи
Лопатица
Мусинци
Моjно
Алинци
Будаково
Путурус
Трап
Радобор
Дедебалци
Црничани
Далбеговци
Арматуш
Мегленци
Караманци
Раштани
Трн


Прилог 4: Речни сливови со потсливови во РМ






Прилог 5: Геолошка карта на теренот

(Извадок од основната геолошка карта - лист Битола, К 34-103)



Легенда на литолошките членови





Прилог 6: Макролокација на планскиот опфат и на поширокото географско окружување на сателитска снимка



	Опфат на Урбанистички план вон населено место Новаци за стопански комплекс, Општина Новаци

Прилог 7: Микролокација на постројката на геодетска ситуација – Синтезен план



Прилог 8. Мислења од надлежни институции

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

- СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр УП1 15- 516/2022
Дата
21 -03- 2022
До: Општина Новаци
С. Новаци
7211 Новаци
Република Северна Македонија

Предмет: Известување
Врска: ваш бр. 09-24/7 од 14.03.2022

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под бр. УП1 15-516/2022 од 17.03.2022 год. поврзано со постапка за носење на документација УПВНМ за изградба на објекти Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КП бр. 1394/1, 1394/2 и 1395, КО Новаци - Општина Новаци, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник" бр: 53/5, 81/5, 24/7, 159/8, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) Вашата одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина и формуларот, Министерството за животна средина и просторно планирање ги прифаќа.

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изработил: Милева Тагасовска

Согласен: Сашо Апостолов

Користена литература

- Просторен План на РМ, 2004;
- Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци - вон град, Општина Новаци, 2021;
- Националната стратегија за одржлив развој, 2009-2030;
- Втор двогодишен извештај за климатски промени на Република Македонија, 2017
- Националната стратегија за механизмот за чист развој за првиот период на обврски според Протоколот од Кјото 2008-2012, 2007;
- Втор Национален Еколошки Акционен План на РМ, 2006;
- Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план 2018-2023;
- Стратегија за управување со отпад во Република Македонија 2008-2020;
- Национална стратегија за апроксимација на животната средина, 2008;
- Стратегија за мониторинг на животната средина, 2004;
- Стратегија за управување со податоци за животната средина, 2004;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина, 2004;
- Национална Стратегија за одржлив развој во Република Македонија (2009-2030)
- Достапни искуства и практики.